# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонска берза АД Скопје за 2015 година**

**Скопје, Март 2016 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2015 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2015 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2015 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2015 година работењето на Македонската берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, кои го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз тргувањето со хартии од вредност на Берзата, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Растот на светската економија во 2015 година продолжи со намалено темпо од претходната година и изнесуваше околу 3,1%. Најголем придонес кон глобалниот раст дадоа САД, Велика Британија и земјите во развој (на кој отпаѓа околу 70% од светскиот раст), кои воглавно го задржаа истото темпо на пораст како и претходната година. Растот на повеќето земји во развој беше со забавено темпо и изнесуваше 4% во споредба со минатогодишниот од околу 4,5%. Земјите од еврозоната, (невклучувајќи ја Велика Британија која оствари раст од 2,2%) забележаа зголемување на БДП во 2015 година во износ од 1,5%[1];

- Економската динамика во земјите од еврозоната во 2015 постепено се забрзуваше споредено со 2014 година, но сепак остана воздржаноста и песимизмот кај инвеститорите и се позабележително беше понатамошното намалување на инфлацијата како последица од намалувањето на цената на нафтата, суровините и храната. Европската централна банка продолжи со умерена стимулативна политика, од што се очекуваат резултати во иднина, пред се' од одржувањето на цената на нафтата и енергенсите на ниско ниво и зголемувањето на извозот на европските економии;

- Во 2015 година македонската економија се очекува да забележи раст од 3,8%, првентсвено како резултат на странските и јавните инвестиции и благото закрепнување на економиите од Европската Унија, која е наш доминантен трговски партнер[2];

- И покрај подобрените трендови во европската економија во 2015 година и порастот на македонската економија, имајќи ја предвид структурата и генераторите на остварениот раст на БДП и структурата на моменталните котирани компании, како пролонгираната политичка криза во земјата и нагласената бегалска криза влијаеа врз намалувањето на обемот на вложување на инвеститорите во македонски хартии од вредност што се одрази врз осетно намалување на берзанскиот промет и благо намалување на општото ниво на цените;

- Како резултат на воведување на задолжителната котација на хартиите од вредност пред неколку години, во текот на 2015 на Берзата се забележа понатамошното зголемување на обемот и квалитетот на известување на друштвата, а со тоа и на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност;

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, January 2016
[2] "Буџет на Република Македонија за 2016"

- НБРМ и во 2015 година водеше релаксирана монетарна политика со ограничување на понудениот износ на благајничките записи и ги одржуваше непроменети каматните стапки на кредитите преку ноќ (3,75%) и на благајничките записи (3,25%). Обемот на кредити кои банките го даваат на нефинансискиот сектор продолжи да расте но со намалено темпо. Просечните пондерирани каматни стапки на крајот на годината на дадени кредити на банките изнесуваше 6,9%, додека просечното ниво на пондерираните каматни стапки на примени депозити на крајот на година изнесуваше 2,6%. И покрај тоа што е евидентно намалувањето на приносите на најсигурните финаниски инструменти се проценува дека овој фактор веројатно немаше свое влијание на берзанските движења во 2015 година[3];

- Општата ликвидност во економијата сеуште беше голем предизвик за сите економски агенти и истото имаше големо влијание на состојбите на пазарот на хартии од вредност;

- И покрај евидентниот пораст на портфолиото на отворените инвестициони фондови во Република Македонија (на крајот на 2015 година вкупните средства на фондовите се зголемија за 50,81% во однос на 2014 година и достигнаат износ од 46,6 милиони евра) најмногу од средствата дадени на управување беа насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државата и истото не ги афектираше позитивно берзанските движења. Слични се трендовите и кај пензиските фондови кои на крајот од 2015 година ги зголемија нето средствата за 20,96% во однос на 2014 година и достигнаа вредност од 649,63 милиони евра;

- Во рамките на вкупниот број на котирани компании релативно мал дел од нив поделија дивиденди како одраз на ликвидоносните потреби и непостојните политики на распределба на добивките (од вкупно 114 котирани друштва, 25 друштва исплатија дивиденди во 2015 година во износ од 106,5 милиони евра;

- Речиси непостоечка инфлација од 0% во 2015 година[4];

- Стабилен девизен курс;

- Функционална институционална пазарна инфраструктура;

- И во 2015 година не се случија некои позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализацијата на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што и понатаму имаше свое влијание врз очекувањата на инвеститорите на Берзата.

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2015 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2015 година изнесуваше **2.660.494.514** денари (околу **43,17** милиони евра), што е за **69,43 %** понизок во споредба со 2014 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2015 година изнесуваше **2.081.950.989** денари[5] (околу **33,79** милиони евра), што е за **17,60%** понизок во споредба со 2014 година;

[3] Извештај за ризиците во банкарскиот систем на Република Македонија во третиот квартал од 2015 година, декември 2015 година
[4] Основни економски показатели за Република Македонија, Државен завод за статистика и НБРМ, Февруари 2016 година
[5] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

    - Прометот остварен со акции во 2015 година изнесуваше **1.436.513.948** денари (околу **23,32** милиони евра), што е за **27,64%** понизок во споредба со 2014 година;

    - Во 2015 година е остварен промет со обврзници од **645.437.041** денари (околу **10,47** милиони евра), што е за **19,27%** повисок во споредба со 2014 година;

- Во 2015 година на Берзата се реализирани **80** блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **548.522.151** денари (околу **8,90** милиони евра), и бележи намалување од **65,02%** во споредба со 2014 година;

- Во 2015 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од **15.847.214** денари (околу **257** илјади евра), што е за **94,35%** понизок во споредба со 2014 година;

- Во 2015 година на Берзата се реализирани јавни понуди на хартии од вредност и е остварен промет од **14.174.160** денари (**230** илјади евра) и бележи намалување од **99,67%** во споредба со 2014 година;

- Во структурата на прометот доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со **76,11%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2015 година;

- На крајот на 2015 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **114** друштва, од кои 1 друштво на подсегментот Супер котација и 29 друштва на подсегментот Берзанска котација и 84 друштва на подсегментот Задолжителна котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 30.12.2015 година достигна **99,36** милијарди денари (околу **1,64** милијарди евра) и бележи намалување од **2,36%** во споредба со 2014 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува **4,88** милијарди денари (**79,25** милиони евра) што претставува опаѓање за **14,06%** во споредба со 2014 година.

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 30.12.2015 година изнесуваше **1.833,26** што е **0,59%** понизок во однос на вредноста на индексот МБИ10 постигната на последниот ден на тргување во 2014 година кога изнесуваше 1.844,20**.**

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2015 и 2014 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за 2015 година и 2014 година, како и структурата на прометот остварен во 2015 година.

| ПРОМЕТ (денари) | Јануари –Декември 2014 | Јануари –Декември 2015 | % на промена |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **2.526.521.981** | **2.081.950.989** | **-17,60** |
| АКЦИИ | 1.985.368.182 | 1.436.513.948 | -27,64 |
| ОБВРЗНИЦИ | 541.153.799 | 645.437.041 | 19,27 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 10.146.675 | 8.532.586 | -15,91 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 53 | 48 | -9,43 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **1.568.007.940** | **548.522.150** | **-65,02** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **280.343.084** | **15.847.214** | **-94,35** |
| **ЈАВНИ ПОНУДИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **4.329.184.892** | **14.174.160** | **-99,67** |
| **ВКУПНО** | **8.704.057.897** | **2.660.494.514** | **-69,43** |
| **ОБЕМ (хартии од вредност)** | | | |
| **АКЦИИ** | **2.863.000** | **1.853.739** | **-35,25** |
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 1.996.306 | 1.381.492 | -30,80 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 866.694 | 472.247 | -45,51 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **157.415** | **126.643** | **-19,55** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ** | **13.661.873** | **25.960** | **-99,81** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ НА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ** | **-** | **-** | **-** |
| **ОБВРЗНИЦИ (НВ во ЕУР)** | **9.605.221** | **11.159.727** | **16,18** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | 13.264 | 11.746 | -11,44 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 91 | 80 | -12,09 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | 35 | 31 | -11,43 |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 8 | 16 | 100 |
| **ВКУПНО** | **13.398** | **11.873** | **-11,38** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **105.370.997.921** | **102.850.635.856** | **-2,39** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 101.759.108.987 | 99.359.059.424 | -2,36 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 3.611.888.934 | 3.491.576.432 | -3,33 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **5.680.322.013** | **4.881.457.420** | **-14,06** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **111.051.319.934** | **107.732.093.276** | **-2,99** |
| **МБИ10** | **1.844,20** | **1.833,26** | **-0,59** |
| **ОМБ** | **126,15** | **128,38** | **1,77** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **115** | **114** | **-0,87** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **249** | **243** | **-2,01** |

## Структура на прометот во периодот Јануари - Декември 2015 година

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % на учество | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | 2.025.018.291 | 32.863.996 | 76,11 | 11.545 |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | 56.932.698 | 923.695 | 2,14 | 201 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 548.522.150 | 8.899.573 | 20,62 | 80 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | 15.847.214 | 257.278 | 0,60 | 31 |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 14.174.160 | 229.818 | 0,53 | 16 |
| **ВКУПНО** | **2.660.494.514** | **43.174.360** | **100** | **11.873** |




## 3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци

Во текот на 2015 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од **2.081.950.989** денари (околу **33,79** милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2015 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2015 година.

**Промет од "класичното" тргување по месеци во 2015 година**



| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансак ции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| Јануари | 61.066.581 | 29.094.474 | 1.586.997 | 91.748.052 | 1.491.848 | 741 | 18 |
| Февруари | 104.653.184 | 121.161.423 | 3.064.025 | 228.878.632 | 3.720.710 | 1.012 | 20 |
| Март | 138.405.935 | 24.884.518 | 881.537 | 164.171.990 | 2.662.362 | 898 | 22 |
| **Вкуп. I квартал** | **304.125.700** | **175.140.416** | **5.532.559** | **484.798.675** | **7.874.920** | **2.651** | **60** |
| Април | 153.341.606 | 1.553.725 | 1.117.160 | 156.012.491 | 2.533.248 | 1.108 | 20 |
| Мај | 100.705.189 | 2.068.183 | 2.927.068 | 105.700.440 | 1.716.918 | 769 | 18 |
| Јуни | 79.754.782 | 315.466.724 | 16.764.664 | 411.986.170 | 6.677.794 | 1.386 | 22 |
| **Вкуп. II квартал** | **333.801.577** | **319.088.632** | **20.808.892** | **673.699.101** | **10.927.960** | **3.263** | **60** |
| Јули | 73.272.439 | 40.408.245 | 1.362.069 | 115.042.753 | 1.865.405 | 902 | 22 |
| Август | 105.916.183 | 32.946.648 | 450.927 | 139.313.758 | 2.265.365 | 787 | 19 |
| Септември | 100.111.898 | 18.913.701 | 1.220.899 | 120.246.498 | 1.950.664 | 904 | 21 |
| **Вкуп. III квартал** | **279.300.520** | **92.268.595** | **3.033.895** | **374.603.010** | **6.081.434** | **2.593** | **62** |
| Октомври | 101.387.312 | 14.684.476 | 3.527.627 | 119.599.415 | 1.938.935 | 888 | 20 |
| Ноември | 182.418.159 | 36.376.787 | 3.889.847 | 222.684.793 | 3.614.445 | 1.178 | 21 |
| Декември | 178.547.982 | 7.878.136 | 20.139.878 | 206.565.996 | 3.349.998 | 1.173 | 20 |
| **Вкуп. IV квартал** | **462.353.453** | **58.939.399** | **27.557.352** | **548.850.204** | **8.903.377** | **3.239** | **61** |
| **ВКУПНО** | **1.379.581.250** | **645.437.041** | **56.932.698** | **2.081.950.989** | **33.787.691** | **11.746** | **243** |

### 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2015 година (2,03 милијарди денари) е остварен преку 11.545 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 97,27%. Од тоа, 1,38 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (68,13%) при што се склучени 10.091 трансакција, додека прометот со обврзници изнесува 645 милиони денари (31,87%) и истиот е остварен преку 1.454 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (57 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2015 година со 2,73% и 201 трансакција. Од тоа, 882 илјади денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (1,55%) и овој промет е остварен преку 12 трансакции, додека на Слободниот пазар се остварени 56 милиони денари (98,45%) преку 189 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2015 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2015 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **1.379.581.250** | **22.391.658** | **68,13** | **10.091** |
| обични | 1.374.746.049 | 22.313.183 | 99,65 | 9.969 |
| приоритетни | 4.835.201 | 78.474 | 0,35 | 122 |
| ***Обврзници*** | **645.437.041** | **10.472.338** | **31,87** | **1.454** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **2.025.018.291** | **32.863.996** | **97,27** | **11.545** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **56.932.698** | **923.695** | **100,00** | **201** |
| ***Пазар акционерски друштва со посебни обврски за известување*** | **881.671** | **14.328** | **1,55** | **12** |
| обични | 881.671 | 14.328 | 100,00 | 12 |
| приоритетни | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Слободен пазар*** | **56.051.027** | **909.367** | **98,45** | **189** |
| обични | 55.131.027 | 894.424 | 98,36 | 187 |
| приоритетни | 920.000 | 14.943 | 1,64 | 2 |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **56.932.698** | **923.695** | **2,73** | **201** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **2.081.950.989** | **33.787.691** | **100,00** | **11.746** |







## 3.4. Блок трансакци

### *3.4.1. Администраторски блок трансакции*

Во 2015 година на Берзата беа пријавени вкупно **6** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **201.343.374** денари (околу 3,27 милион ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 5 блок трансакции во вкупна вредност од 196 милиони денари (3,19 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар беше реализирана 1 блок трансакции во вкупна вредност од 5 милиони денари (81 илјади ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме пријавените администраторски блок трансакции по пазарни сегменти во 2015 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Берзанска котација** | **196.341.694** | **3.192.548** | **5** |
| **Редовен пазар** | **Слободен пазар** | **5.001.680** | **81.328** | **1** |
| **Вкупно** | | **201.343.374** | **3.273.876** | **6** |

### *3.4.2. Системски блок трансакции*

Во 2015 година на Берзата беа склучени вкупно **74** системски блок трансакции во вкупна вредност од **347.178.776** денари (околу 5,65 милиони ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 63 блок трансакции во вкупна вредност од 249 милиони денари (4,05 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 11 блок трансакции во вкупна вредност од 98 милиони денари (1,59 милиони ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме реализираните системски блок трансакции по пазарни сегменти во 2015 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **70.156.000** | **1.140.748** | **12** |
| | **Берзанска котација** | **136.525.667** | **2.219.930** | **42** |
| | **Задолжителна котација** | **42.488.052** | **690.863** | **9** |
| **Редовен пазар** | **Слободен пазар** | **98.009.057** | **1.593.643** | **11** |
| **Вкупно** | | **347.178.776** | **5.645.183** | **74** |

## 3.5. Јавни берзански аукции

Во текот на 2015 година на Берзата се одржаа вкупно 10 јавни берзански аукции на кои што се понудија акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ и Агенција за управување со одземен имот.

На одржаните јавни берзански аукции во 2015 година беа склучени вкупно 31 трансакција и беше остварен промет од 15.847.214 денари (257 илјади ЕВРА). При тоа:

- Преку 8 трансакции беа истргувани обични акции на 8 акционерски друштва при што беше остварен промет од 2.684.443 денари;
- Преку 23 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 20 акционерски друштва при што беше остварен промет од 13.162.771 денари.

## 3.6. Јавни понуди на хартии од вредност

Во текот 2015 година преку Берзата беше спроведени 1 јавна понуда на хартии од вредност, согласно Анекс 3 од Правилата за тргување на Берзата. Јавната понуда се однесуваше на акции на издавачот ТТК Банка АД Скопје.

| Хартија од вредност | Просечна цена | Количина | Вредност МКД | Вредност ЕВРА | Број на трансак ции | Почетен датум на јавна понуда | % на реали-зација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТТК Банка АД Скопје - јавна понуда на хв | 546,00 | 25.960 | 14.174.160 | 229.818 | 16 | 20.10.2015 | 100 % |
| **Вкупно** | | | **14.174.160** | **229.818** | **16** | | |

## 3.7. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека од вкупниот промет остварен на Берзата во 2015 година 205.346.216 денари (околу 3 милиони Евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (7,71% од вкупниот промет), додека 753.186.408 Денари (околу 12 милиони Евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (28,27% од вкупниот промет). Согласно повеќегодишната пракса при изготвувањето и објавувањето на статистичките билтени во прикажувањето на учеството на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет, а заради пореално прикажување на активноста на портфолио инвеститорите, при пресметките се исклучуваат поголемите блок трансакции и јавни понуди. Оваа година немаше такво исклучување.

Во продолжение е презентирана табела за учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет по месеци во 2015 година:

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | I - XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купување странски физички | 4,19% | 2,23% | 1,93% | 6,38% | 5,32% | 2,17% | 2,71% | 0,91% | 1,31% | 3,57% | 1,84% | 1,00% | 2,48% |
| Купување странски правни | 1,64% | 6,30% | 29,61% | 15,39% | 7,99% | 1,86% | 0,29% | 0,05% | 0,25% | 2,44% | 3,71% | 1,17% | 5,23% |
| **ВКУПНО** | **5,83%** | **8,53%** | **31,55%** | **21,77%** | **13.30%** | **4,03%** | **3,00%** | **0,96%** | **1,56%** | **6,01%** | **5,55%** | **2,16%** | **7,71%** |
| Купување домашни физички | 46,88% | 24,36% | 30,88% | 51,05% | 40,46% | 19,21% | 34,99% | 26,74% | 28,68% | 27,98% | 17,15% | 29,23% | 28,32% |
| Купување домашни правни | 47,29% | 67,11% | 37,58% | 27,18% | 46,24% | 76,75% | 62,01% | 72,31% | 69,76% | 66,01% | 77,30% | 68,61% | 63,97% |
| **ВКУПНО** | **94,17%** | **91,47%** | **68,45%** | **78,23%** | **86,70%** | **95,97%** | **97,00%** | **99,04%** | **98,44%** | **93,99%** | **94,45%** | **97,84%** | **92,29%** |
| Продажба странски физички | 6,84% | 3,97% | 6,33% | 5,69% | 12,06% | 5,40% | 4,50% | 1,42% | 3,54% | 7,70% | 3,05% | 1,52% | 4,68% |
| Продажба странски правни | 12,75% | 9,39% | 50,49% | 23,20% | 8,35% | 6,93% | 18,90% | 41,84% | 23,38% | 20,23% | 50,55% | 18,94% | 23,59% |
| **ВКУПНО** | **19,59%** | **13,18%** | **56,82%** | **28,89%** | **20,41%** | **12,33%** | **23,40%** | **43,27%** | **26,92%** | **27,93%** | **53,61%** | **20,46%** | **28,27%** |
| Продажба домашни физички | 48,80% | 24,81% | 29,81% | 53,19% | 42,17% | 61,54% | 61,36% | 37,96% | 43,20% | 54,49% | 23,79% | 28,34% | 41,26% |
| Продажба домашни правни | 31,61% | 62,02% | 13,37% | 17,92% | 37,43% | 26,13% | 15,24% | 18,78% | 29,88% | 17,58% | 22,60% | 51,20% | 30,47% |
| **ВКУПНО** | **80,41%** | **86,82%** | **43,18%** | **71,11%** | **79,59%** | **87,67%** | **76,60%** | **56,73%** | **73,08%** | **72,07%** | **46,39%** | **79,54%** | **71,73%** |

## 3.8. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

### *3.8.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2015 година **(30.12.2015)** изнесува **1.833,26** индексни поени, што значи намалување од **0,59%** во споредба со вредноста на индексот

постигната на последниот ден на тргување во 2014 година (**30.12.2014)** година = **1.844,20** индексни поени),

- највисока вредност на МБИ10 во 2015 година е постигната на **30.01.2015** година (**1.874,42** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2015 година е постигната на **06.07.2015** година (**1.616,83** индексни поени).




| **Датум на извршена ревизија** | **Вид на ревизија** | **Состав на индексот** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 15.06.2015 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје,<br>Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Битола,<br>Макпетрол АД Скопје,<br>Македонијатурист АД Скопје,<br>Репелек АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје<br>НЛБ Тутунска банка АД Скопје и<br>Скопски Пазар АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2015 година |
| 15.12.2015 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје,<br>Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Битола,<br>Макпетрол АД Скопје,<br>Македонијатурист АД Скопје<br>Стопанска банка АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје,<br>НЛБ Тутунска банка АД Скопје и<br>Скопски Пазар АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.12.2015 година |

Со последната редовна ревизија на индексот МБИ10, во составот на индексот влегоа обичните акции издадени од Стопанска банка АД Скопје, а излегоа обичните акции издадени од Реплек АД Скопје.

### *3.8.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2015 година (**30.12.2015**) изнесува **128,38** индексни поени, што значи зголемување од **1,77%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2014 година (**30.12.2014)** година = **126,15** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ во 2015 е постигната на **29.12.2015** година (**128,38** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2015 е постигната на **04.08.2015** година (**124,95** индексни поени).




| **Датум на извршена ревизија** | **Вид на ревизија** | **Состав на индексот** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 15.06.2015 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација: RMDEN06, RMDEN07, RMDEN08, RMDEN09, RMDEN10, RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13 и RMDEN14 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2015 година |
| 15.12.2015 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација:, RMDEN06, RMDEN07, RMDEN08, RMDEN09, RMDEN10, RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13 и RMDEN14 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.12.2015 година |

Со последната редовна ревизија на индексот ОМБ составот на индексот остана непроменет.

## 3.9. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2015 година е реализиран преку активностите на 10 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2015 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции каде е прикажана само куповната страна.

## Учество на членките на Берзата во реализираниот промет и трансакции во 2015 година

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Јавни берзански аукции | % Јавни берзански аукции | Јавна понуда на ХВ | % Јавна понуда на ХВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.455.865.130 | 34,96 | 10.672.000 | 0,97 | 7.572.093 | 47,78 | 0 | 0,00 | 1.474.109.223 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 534.158.601 | 12,83 | 310.593.583 | 28,31 | 4.988.252 | 31,48 | 0 | 0,00 | 849.740.436 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 620.861.851 | 14,91 | 23.861.236 | 2,18 | 1.775.845 | 11,21 | 0 | 0,00 | 646.498.932 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | TN | 484.536.849 | 11,64 | 84.387.678 | 7,69 | 297.552 | 1,88 | 0 | 0,00 | 569.222.079 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 232.924.002 | 5,59 | 306.911.728 | 27,98 | 510.205 | 3,22 | 0 | 0,00 | 540.345.935 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 230.864.196 | 5,54 | 293.617.136 | 26,76 | 0 | 0,00 | 1.310.400 | 4,62 | 525.791.732 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 207.038.388 | 4,97 | 43.197.280 | 3,94 | 134.270 | 0,85 | 27.037.920 | 95,38 | 277.407.858 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 183.807.498 | 4,41 | 13.800.300 | 1,26 | 477.263 | 3,01 | 0 | 0,00 | 198.085.061 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 148.661.319 | 3,57 | 0 | 0,00 | 91.734 | 0,58 | 0 | 0,00 | 148.753.053 |
| Поштел Брокер АД Скопје | PT | 65.184.145 | 1,57 | 10.003.360 | 0,91 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 75.187.505 |
| **Вкупно** | | **4.163.901.979** | **100,00** | **1.097.044.301** | **100,00** | **15.847.214** | **100,00** | **28.348.320** | **100,00** | **5.305.141.814** |



Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 27,79%. На второ и трето место се Комерцијална банка АД Скопје и Еурохаус АД Скопје со учество од 16,02% и 12,19%, соодветно.

## 3.10. Други активности поврзани со тргувањето и функционирањето на БЕСТ системот

Во текот на 2015 година Берзата редовно ги спроведуваше потребните активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- внес на нови хартии за тргување во трговскиот систем;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, поради достасување на обврзници, поради отворени стечајни постапки над некои друштва, поради ненавремено објавување на одлуки од собрание на акционери и др.);
- распоредување на хартии од вредност по соодветни сегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вредност за запишување и бришење на акционерски друштва од/во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување по разни основи;
- изготвување и обработка на календар на денови на тргување на Македонска берза за 2016 година;
- изготвување на список на сите хартии од вредност со кои се тргува без ценовни ограничувања (статички лимити) и софтверски активности по тој основ;
- подготовка и објавување на годишен статистички билтен и месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување;
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи.

За сите вакви активности, членките на Берзата беа соодветно известувани преку апликацијата БерзаНЕТ.

Во последниот квартал од 2015 година се изврши измена и дополнување на Правилата за тргување на Берзата, при што, се воведе нов вид на налог, „налог по најповолна цена“, а се воведе и можноста за давање на специфични инструкции од клиентите кај лимитираните налози. Пред воведување на новиот вид налог, сите членки имаа обврска да утврдат посебни Процедури за извршување на налозите на клиентите под најповолни услови и Процедури за извршување на налогот по најповолна цена.

Со овие измени и дополнувања, меѓу другото, при давање на налози на клиентите во експозитурите на членките или пак директно од клиентите кои имаат добиено електронски пристап од членката, налозите електронски се проследуваат до седиштето на членката и се внесуваат во книгата на налози, после што брокерот кој има соодветно овластување врши прифаќање или одбивање на налозите. Оттука, дури со прифаќањето на налогот од страна на овластениот брокер, настанува обврската за негово извршување.

Воедно, при прием на налози по електронски пат, со цел да се рационализираат трошоците и да се олесни употребата на електронски медиуми за комуникација меѓу клиентите и членките на Берзата, се напушта досегашната норма за потпишување на налозите со електронски потпис и се задолжуваат членките на Берзата во посебен акт да го уредат начинот и постапката на работење со електронски налози.

Со цел усогласување со Законот за хартии од вредност и подзаконските акти кои произлегуваат од него, членките на Берзата се должни да ја чуваат документацијата за сите примени налози и склучени берзански трансакции согласно важечките законски прописи. Воедно, беше извршена техничка измена и во делот од Правилата за тргување на Берзата кој се однесува на повлекување на налозите, евидентирањето на групни сметки со полномошно во книгата на налози, како и работењето со налози за системски блок трансакции, при што БЕСТ системот нема да дозволува склучување на системски блок

трансакции надвор од динамичките лимити, иако овластените брокери ќе можат да внесуваат системски блок налози и по цени надвор од важечките динамички лимити за предметната хартија од вредност, со оглед на фактот дека базната цена од која се пресметуваат динамичките лимити може да се менува во текот на денот на тргување. За имплементирање на овие измени, беше потребно да се изврши надоградување на системот за тргување БЕСТ и станиците за тргување.

Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје на седницата одржана на 25.12.2015 година донесе Одлука за проверка и ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар која пред истекот на календарската година беше спроведена од страна на стручните служби на Берзата. Новата состојба на хартиите од вредност започна да важи од 30.12.2015 година (среда).

## 4. КОТАЦИЈА

### 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2015 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 115 акционерски друштва со пазарна капитализација од 101,76 милијарди денари како и 12 државни обврзници со пазарна капитализација од 5,68 милијарди денари.

На крајот од 2015 бројот на котираните друштва се намали на 114, со пазарна капитализација од 99,36 милијарди денари, што претставува намалување за 2,36%. На крајот од 2015 година бројот на котирани државни обврзници се намали на 11, со пазарна капитализација од 4,88 милијарди денари, што претставува намалување за 14,06%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација, достасувањето на Четвртата емисија на обврзници за денационализација и обврзницата за преземени побарувања на Стопанска банка АД Скопје.

На последниот ден на тргување во 2015 година (30.12.2015 година), од 127 котирани хартии од вредност (обични акции, приоритетни акции и обврзници), 34 се тргуваа во режим на континуирано тргување, додека 93 се тргуваа во режим на аукциско тргување.

### 4.2. Котација на нови хартии од вредност

#### *4.2.1. Котација на обврзници*

Одборот на директори на Македонска берза на седницата одржана на 28.05.2015 година донесе Одлука за котација на Четиринаесетата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија, согласно добиено барање и доставен проспект за котација од страна на Министерството за финансии на Република Македонија.

Четиринаесетата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија на Официјалниот пазар на Берзата се тргува почнувајќи од 03.06.2015 година.

#### *4.2.2. Котација на акции*

Одборот на директори на Македонска берза на седницата одржана на 28.05.2015 година донесе Одлука за прием на котација на акциите издадени од Пекабеско АД Кадино, Илинден.

Согласно Договорот за котација кој беше потпишан помеѓу Берзата и издавачот, почнувајќи од 18.06.2015 година на Официјалниот пазар на Берзата, на подсегментот Задолжителна котација котирани се акциите издадени од Пекабеско АД Кадино, Илинден.

## 4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност

*4.3.1. Исклучување од котација на обврзници*

Поради достасување на 31.05.2015 беше отстранета од тргување Обврзница за денационализација од четвртата емисја на обврзници (со шифра на тргување RMDEN04) издадена од Република Македонија.

*4.3.2. Исклучување од котација на акции*

Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржани на 28.05.2015 година донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Жито Скопје АД Скопје, заради отворена стечајна постапка врз друштвото. Акциите издадени од Жито Скопје АД Скопје се исклучени од котација почнувајќи од 03.06.2015 година.

Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 24.06.2015 донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Трикотажа Пелистер АД Битола, заради отворена стечајна постапка врз друштвото. Акциите издадени од Трикотажа Пелистер АД Битола се исклучени од котација почнувајќи од 26.06.2015 година.

## 4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

*4.4.1. Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација*

- Изречени опомени

  - На седницата одржана на 28.04.2015 година Одборот на директори ја разгледа Информацијата за непостапување согласно Правилата за котација од страна на котирани друштва на Официјалниот пазар и изрече опомена за ненавремено објавување на неревидирани годишни финансиски извештаи за 2014 на друштва котирани на подсегментот Берзанска котација, согласно член 40 став 2 од Правилата за котација, на друштвата Дуропацк АД Скопје и ОХИС АД Скопје како и опомена заради необјавување на образложение кон неревидираните финансиски извештаи за 2014 година согласно член 40 став 4 од Правилата за котација на друштвата: Скопски Пазар АД Скопје, Макотекс АД Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп, РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје, РЖ Услуги АД Скопје и ОХИС АД Скопје.
  - На седницата одржана на 03.09.2015 година Одборот на директори ја разгледа Информацијата за непостапување согласно Правилата за котација од страна на котирани друштва на Официјалниот пазар и заклучи да се испратат опомени заради необјавување на образложение кон неревидираните финансиски извештаи за периодот 01.01.-30.06.2015 година согласно член 40 став 4 од Правилата за котација на друштвата: Скопски Пазар АД Скопје, РЖ Услуги АД Скопје и Макстил АД Скопје.

*4.4.2. Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментот Задолжителна котација*

- Одборот на директори на Берзата согласно одредбите од Правилата за котација и Одлуката на Одборот на директори на Македонска берза од 30.10.2014 година за утврдување на критериумите, начинот и постапката за опоменување на издавачи котирани на подсегментот Задолжителна котација и известување на Комисијата за хартии од вредност, изрече мерка Опомена за непочитување и неисполнување на обврските од Правилата за котација во делот поврзан со известувања од Собрание на акционери и објавување на финансиски извештаи на следиве друштва:

- Бетон АД Штип, Современ дом АД Прилеп, Трготекстил малопродажба АД Скопје, Ветекс АД Велес, Агрокуманово АД Куманово и Агромеханика АД Скопје заради необјавување на содржината на донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото најдоцна до почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување согласно со член 39 став (7) од Правилата за котација;
- Јака 80 АД Радовиш, Благој Туфанов АД Радовиш, ЕМО АД Охрид, Жито Вардар АД Велес, Велес табак АД Велес заради ненавремено објавување на неревидираните финансиски извештаи согласно член 40 став (2) и (3) од Правилата за котација и
- Дебарски бањи – Цапа АД Дебар заради ненавремено објавување на неревидираните финансиски извештаи согласно член 40 став (2) и (3) и заради ненавремено објавување на годишниот извештај за работењето во рок од 7 дена по усвојувањето од Собранието на акционери пропишано согласно член 39 став (8) од Правилата за котација.

- ➢ Одборот на директори на 30.10.2015 година на друштвото Агроплод АД Ресен, котирано на Официјалниот пазар на подсегментот Задолжителна котација на Македонска берза АД Скопје, му изрече мерка јавна опомена преку интернет страницата на Берзата, заради ненавремено објавување на јавниот повик за свикување на Собрание на акционери предвидени согласно член 39 став (1), необјавување на содржината на донесените одлуки од Собрание на акционери најдоцна до почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување предвидено согласно член (7), како и заради ненавремено објавување на неревидираните финансиски извештаи пропишани согласно член 40 став (2) и (3) од Правилата за котација

Согласно член 51 став (5) од Правилата за котација, Берзата ја извести Комисијата за хартии од вредност за изречените опомени кон издавачите котирани на подсегментот Задолжителна котација.

## **<u>4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет</u>**

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2015 година објавија вкупно 630 информации поврзани со собранието на акционери и одлуки на органите на управување на друштвата и 475 други ценовно чувствителни информации.

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2015 година, во вкупно 131 објава на СЕИ-НЕТ, од 114 котирани друштва обврската за објавување на целосните ревидирани годишни финансиски извештаи за 2014 година ја исполнија 109 друштва, освен друштвата ЕМО АД Охрид, Жито Вардар АД Скопје, Јака 80 АД Радовиш, Трудбеник АД Охрид и Карбо Нова АД Крива Паланка.

Во поглед на обврската за објавување на периодични неревидирани биланси на успех и финансиски извештаи согласно Правилата за котација, направени се вкупно 555 поединечни објави на СЕИ-НЕТ.

## **<u>4.6. Останати активности во врска со котацијата</u>**

### *4.6.1 Унапредување на изветувањата преку СЕИ-Нет кај котираните друштва*

Со цел понатамошно техничко усовршување и модернизација воведени се посебни образци за објавување на дел од ценовно чуствителните информации пропишани во Глава VI од Правилата за котација, и тоа за:

- Известување за зделки со заинтересирана страна;
- Известување за големи зделки;
- Известување за стекнување или отуѓување на над 5 проценти од средствата на друштвото; и
- Известување за судски постапки

На СЕИ-Нет интернет страната направени се посебни делови за објава и изготвено е кратко упатство во кое се појаснуваат ситуациите и условите кои треба да се исполнат за објавување на овие ценовно чуствителни информации.

*4.6.2 Доделување на годишна награда „Кристално ѕвоно"*

Во насока на продолжување на воспоставената пракса на Берзата за доделување на годишната награда „Кристално ѕвоно" на најтрансапрентните котирани акционерски друштва во Република Македонија, Изборната комисија составена од две целни групи: „Јавност", во која влегуваат претставници на медиумите и експерти од областа на финансиите и „Пазарни учесници", во која влегуваат претставници на членките на Берзата, претставници на институционалните инвеститори и претставници на Берзата, го даде своето мислење по однос на транспарентноста на друштвата котирани на Берзата.

Согласно оценките на Изборната комисија од вкупно 115 котирани акционерски друштва, за најтранспарентни котирани друштва на Македонската берза за 2014 година се избраа: Алкалоид АД Скопје, Комерцијална Банка АД Скопје и НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

# 5. ЧЛЕНСТВО

## 5.1. Членки на Берзата

Во текот на 2015 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 10 членки на Берзата од кои 4 се банки, а 6 се брокерски куќи. Број на членки на Берзата остана непроменет од почетокот до крајот на годината. Бројот на овластени брокери за тргување преку БЕСТ системот се намали од 37 на 36 овластени брокери.

| **Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје** | |
|---|---|
| • Број на членки на Берзата на почеток на 2015 година<br>• Број на овластени брокери на почетокот на 2015 година | **10**<br>**37** |
| | |
| • Број на членки на крај на 2015 година<br>• Број на овластени брокери на крајот на 2015 година | **10**<br>**36** |

Во продолжение е презентирана листа на членки на Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 31.12.2015 година:

| ЧЛЕНКА | ШИФРА |
|---|---|
| 1. Еурохаус АД Скопје | ЕХ |
| 2. Фершпед Брокер АД Скопје | ФР |
| 3. Инвестброкер АД Скопје | МИ |
| 4. Илирика Инвестментс АД Скопје | ИЛ |
| 5. Иново Брокер АД Скопје | ИН |
| 6. Комерцијална банка АД Скопје | КБ |
| 7. НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ТН |
| 8. Поштел Брокер АД Скопје | ПТ |
| 9. Стопанска банка АД Скопје | СБ |
| 10. ТТК Банка АД Скопје | ТК |

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2015 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, со цел одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност.

Првенствено, оваа активност подразбира редовно вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

Исто така, врз основа на Програмата за работа на Македонска берза АД Скопје за 2015 година, во која, во рамките на извршувањето на редовните активности поврзани со надзорот, беше предвидено контролите на членките на Македонската берза во текот на 2015 година да се вршат и преку теренска контрола на членките на Берзата. Со оглед на намалениот број членки предмет на контролата беа сите членки на Берзата. Секторот за деловни операции изготви Предлог-План за контроли и во периодот од Октомври-Декември 2015 година беа спроведени теренски контроли врз сите 10 членки на Македонската берза. Цели на контролите беа: увид во документацијата на членките поврзана со нивното тековно работење, особено од аспект на проверка на аспектите на работењето во кои имало евентуални наоди во последната извршена контрола; проверка на користењето и извршувањето на нововедените налози: „лимитиран налог со специфични инструкции“ и „налог по најповолна цена“, од аспект на законските и подзаконските акти и актите на членката. Преку контролата се изврши и општо согледување на активностите на членките на Берзата и степенот на усогласеноста на нивното тековно работење со законските прописи, Правилата за тргување и другите акти на Берзата.

За спроведените контроли беа изготвени записници, и истите, во предвидениот рок, беа доставени до членките на Берзата. Берзата подготви Извештај за извршените контроли и истиот беше разгледан од страна на Одборот на директори на Берзата на седницата одржана во месец Декември, на која што се донесе соодветен заклучок и насоки за понатамошно постапување.

## 7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2015 година, сумарно се прикажани преку следните области:

### 7.1. Изменување и дополнување на важечки акти на Берзата и донесени нови акти

Со цел усогласување со измените и дополнувањата на законските прописи, како и подобрување на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност, во текот на 2015 година беа направени измени во неколку акти на Берзата. Измените на постоечките акти на Берзата кои беа донесени од страна на Одборот на директори на Берзата, а дел од нив беа предмет на одобрување од страна на Комисијата за хартии од вредност и беа донесени соодветни решенија со кои Комисијата даде согласност на измените.

#### *7.1.1 Измени на Сметководствените политики на Берзата*

Во текот на 2015 година, беа направени измени во Сметководствените политики на Берзата, кои резултираа од потребата од соодветно сметководствено евидентирање на вложувањата на Берзата во основната главнина на друштвото СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје кои беа направени во текот на 2014 година. Имено, имајќи ја предвид обврската на Берзата да води сметководство во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Македонија", а согласно меѓународниот сметководствен стандард МСС 31 – Учество во заеднички вложувања, учеството на Македонска берза АД Скопје во друштвото СЕЕ Линк ДОО Скопје има третман на учество во заедничкото вложување, при што Берзата како учесник во заедничкото вложување го признава своето учество во заеднички контролираниот ентитет користејќи ја методата на главнина.

#### *7.1.2 Измени на Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата*

На почетокот од третиот квартал во годината, беше донесена Одлука за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје. Измените и дополнувањата на Тарифникот на Берзата беа направени од неколку причини, за коишто беше оценето дека се од големо значење за Берзата како институција, но и за другите овластените пазарни учесници и општото функционирање на пазарот на хартии од вредност во целина. Причините за измените во тарифникот произлегуваат од три активности кои беа во фокусот на работењето на Берзата во оваа година и тоа:

- активности за имплементација на новата софтверска апликација за брокерско работење на членките, којашто Берзата ја набави, ја адаптира и со чија имплементација кај членките беше започнато во текот на 2015 година. Со оглед на фактот што користењето на оваа софтверска апликација подразбира значајни измени во работењето на членките во насока на негово модернизирање, произлезе потребата од менување и/или укинување на одредени моментални тарифни ставки кои ги наплаќа Берзата;

- усогласување на номиналната висина на одредени тарифни ставки на Берзата коишто таа ги наплаќа во доменот на своето основно работење - воспоставување, одржување и развој на модерен систем за тргување со хартии од вредност што овозможува ефикасно склучување на трансакции со хартии од вредност. Потребата од вакво усогласување е максимално нагласена подолг временски период поради негативните пазарни движења и драстично намалените приходи на Берзата, но, и поради потребното усогласување и/или воведување на определени тарифни ставки согласно искуствата на други регионални берзи и веќе функционалните решенија што во тарифните политики ги применуваат другите институции на македонскиот пазар на хартии од вредност;

- усогласување на Тарифникот на Берзата со новите барања на странските партнери во доменот на дистрибуцијата на берзански податоци, како и усогласувања на овој акт со моменталниот начин на оперативно работење.

Одлуката за измени и дополнувања на Тарифникот на Берзата беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за согласност, после што, во рамките на оперативната процедура за добивање на потребната согласност, во вербална комуникација со претставници од Комисијата, беше увидена потребата за попрецизно уредување на одредени прашања опфатени со Одлуката бр.02-1112/1, поради што беше донесена нова Одлука за измени и дополнувања на Тарифникот на Берзата и истата беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за согласнот на ден 06.10.2016 година. До крајот на извештајниот период не е добиен одговор на поднесеното барање.

*7.1.3. Измени на Планот за обезбедување на континуитет во работењето на Берзата*

Во текот на 2015 година, поради склучување на договор со Неоком АД Скопје за обезбедување дедициран виртуелен дата центар (NEOCloud), кој би се користел како алтернативната локација на Берзата од каде би се одвивале дел од критичните операци во работењето на Берзата во услови на закана или ризици, беше извршена измена на Планот за обезбедување на континуитет во работењето на Берзата.

Измената во алтернативната локација на Берзата дојде како резултат на потребата од подобрување на активностите предвидени во Планот за обезбедување на континуитет во работењето на Берзата и следење на новините во информатичко-технолошките решенија, како и поради потребата од рационализирање на финансиските трошоци за резервна локација на Берзата. Со ваквиот начин на обезбедување на алтернативна локација на која во случај на закани или ризици непречено ќе се одвиваат дел од критичните деловни операции на Берзата и остварувањето на неопходната комуникација со членките на Берзата, се овозможува станиците за тргување на членките на Берзата од било која локација да бидат поврзани со БЕСТ системот преку интернет конекција, при што преносот на податоци е енкриптиран со SSL и без дополнителни трошоци за членките за набавка на софтверска или хардверска опрема.

*7.1.4. Измени на Правилата за тргување на Берзата*

Воведувањето на новиот софтвер за брокерско работење наметна потреба од измена на Правилата за тргување, со цел правно регулирање на одредени специфики содржани во софтверот. За таа цел, беа направени измени во Правилата за тргување со кои во основа се изврши дорегулирање или поедноставување на постапката за електронски прием на налози за тргување, се направи усогласување со законските и подзаконските решенија во делот на обврски на членките за чување на документацијата за сите примени налози и склучени берзански трансакции и се направија технички измени во делот од Правилата кој се однесува на повлекување на налозите, евидентирањето на групни сметки со полномошно во книгата на налози, како и работењето со налози за системски блок трансакции. После добивањето на согласност на Одлуката бр.02-1323/1 од Комисијата за хартии од вредност, пречистениот текст на Правилата за тргување стапи на сила на 09.12.2015 година.

*7.1.5. Донесување на Одлука за за проверка и ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар*

Воведувањето на новата апликација за брокерско работење кај членките на Берзата, значеше дека нивното поврзување со БЕСТ системот ќе се одвива исклучиво преку FIX протокол, кој има специфичен начин на дистрибуција на информациите за хартиите од вредност, при што се употребуваат повеќе видови на пораки за секоја хартија од вредност која во БЕСТ системот е во состојба „тргува“, „задржана“

или „суспендирана“. Имплементираниот FIX протокол во БЕСТ системот моментално не користи компресија на податоците при нивното испраќање, што ја зголемува количината на податоци кои се дистрибуираат до членките, поради што може да се јават одредени временски разлики од времето на праќање до времето на прием на секоја порака од БЕСТ системот во софтверските апликации на членките. Ваквата специфика на FIX протоколот беше причина за донесување на одлука со која се изврши т.н. отстранување на хартии од вредност од БЕСТ системот од подсегментот Слободен пазар, со цел превенирање на ситуации на доцнење на системските пораки кои ги добиваат членките на Берзата и можните импликации од тоа во нивното секојдневно оперативно работење.

Имено, со Одлука за проверка и ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар се изврши проверка и ажурирање на состојбата на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар, при што хартиите од вредност што на денот на проверката беа во состојба “тргува“, а со кои не се склучила ниту една трансакција во БЕСТ системот во текот на 2015 година и кај кои на денот на проверката не постоеше ниту еден налог во БЕСТ системот кој е во „активна“, „неактивна“ или „задржана“ состојба, на следниот ден на тргување после денот на проверката, се промени од „тргува“ во „отстранета“, а хартиите од вредност од подсегментот Слободен пазар, кои на денот на проверката беа во состојба “суспендирана“, на следниот ден на тргување после денот на проверката, ја променија нивната состојба во БЕСТ системот од „суспендирана“ во „отстранета“.

Со донесување на оваа одлука за ажурирање и проверка на состојбата со хартии од вредност се изврши отстранување на 284 хартии од вредност од БЕСТ системот и со тоа се изврши индиректно намалување на пазарната капитализација на овој пазарен сегмент за вредноста на пазарната капитализација на друштвата чии акции се отстранија од БЕСТ системот. Одлуката беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за нејзиното информирање.

## 7.2. Седница на Собранието на акционери

На 22.05.2015 година беше одржана Годишната седница на Собранието на акционери на Берзата, на кое беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2014 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2014 година, Финансиските извештаи за 2014 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2015 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2014 година, Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје во 2014 година, Одлука за именување на ревизор на финансиските иозвештаи на Берзата во 2015 година, Одлука за распоредување на добивка по Годишна сметка за 2014 година и Одлука за именување на членови на Комисијата за арбитража на Берзата. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва, на акционерите на Берзата им беше доставен Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Берзата.

На седницата на Собранието на акционери на Берзата беше информирано дека Одлуката за зделка со заинтересирана страна која што беше донесена од Собранието на акционери на минатогодишната седница не се реализираше во изминатиот период, поради променети околности и несоздавање на планираните услови за реализација на купопродажбата на дел од деловниот простор на Берзата од страна на КИБС АД Скопје. Исто така, беше информирано дека Одборот на директори на Берзата има донесено Одлука со која престана да важи Одлуката за продажба на дел од деловниот простор на Берзата, со што формално-правно се завршени сите претходно отпочнати активности поврзани со потенцијалната трансакција и истата се одложува до создавање на соодветни услови за тоа.

## 7.3. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност

*7.3.1 Контрола од страна на Комисијата за хартии од вредност*

Во текот на извештајниот период, на 29.01.2015 година, Комисијата за хартии од вредност изврши контрола над работењето на Берзата, чија цел беше утврдување на вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на хартии од вредност на последниот ден на тргување во 2014 година, како основ за плаќање на надомест за надзор согласно важечкиот Тарифник на Комисијата за хартии од вредност. Врз основа на спроведената контрола, Комисијата за хартии од вредност изготви Записник бр.08-47/2 согласно кој е утврдено дека вкупната пазарна капитализација на сите пазари изнесува 181.155.736.443,00 денари, и следствено на тоа, месечниот регулаторен надоместок кој Берзата треба го да плаќа на Комисијата во текот на 2015 година изнесува 905.779 денари.

*7.3.2. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2015 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## 7.4. Други нормативни активности

*7.4.1 Активности во врска со набавка на нов софтверски систем за позадинско брокерско работење*

Во насока на реализирање на заложбите на Берзата за активно вклучување во процесот на изнаоѓање решение за осовременување на системските решенија за брокерско работење на членките, од почетокот на 2015 година, Берзата пристапи кон набавка на нов софтверски систем за брокерско работење за потребите на членките. За таа цел, по извршената евалуација на доставените понуди, Одборот на директори на Берзата оцени дека понудата доставена од берзата од Бања Лука беше најповолна и беше донесена соодветна одлука за набавка на софтверот од берзата од Бања Лука, на што претходеа преговори со претставниците од оваа берза за утврдување на конечните услови под кои би се извршила набавката на нивното софтверско решение за позадинско брокерско работење, односно прецизирање на модулските апликации кои ќе бидат содржани во софтверското решение, роковите за гаранција, начинот на одржување, идното преземање на изворниот код, цената и динамиката на целокупната набавка.

Донесување на одлуката за набавка на софтверскиот систем за брокерско работење беше условена со потпишување на Меморандум за заедничко дејствување помеѓу членките и Берзата од најмалку шест членки. Во текот на месец Февруари беа преземени активности околу потпишување на Меморандумот, во кој се утврдени основите на идните меѓусебни права и обврски на Берзата и членките на Берзата во постапката за имплементација, тестирање, употреба и одржување на новиот софтверски систем за позадинско брокерско работење што ќе се набави од страна на Берзата. Во рокот предвиден за потпишување, Меморандумот беше потпишан од страна на сите членки на Берзата.

На 27.05.2015 година, беше потпишан Договорот за набавка на софтверски систем за позадинско брокерско работење со берзата од Бања Лука, а истовремено започнаа активностите предвидени во договорот за прилагодување на софтверот.

Во Меморандумот за соработка потпишан помеѓу членките и Берзата, меѓу другото, е предвидено дека членките ќе склучат договор со Берзата за користење на софтверскиот систем за брокерско работење, поради што Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 30.10.2015 година го разгледа и

усвои текстот на Договорот, согласно кој, Берзата се обврзува дека на членката ќе и’ овозможи неексклузивно право на бесплатно користење на софтверскиот систем за брокерско работење. Поважните пунктови кои се опфатени во договорот се однесуваат на техничката поддршка која Берзата ќе им ја дава на членките (превентивно и инвестициско одржување и обуки за вработените), како и надоместоците кои членките во иднина ќе треба да и’ ги плаќаат на Берзата за превентивно и инвестициско одржување на софтверскиот систем. Во Договорот, помеѓу другото, предвидено е дека со потпишување на истиот членките ќе се обврзат да аплицираат во регионалната платформа за пренасочување на налози за тргување - СЕЕ ЛИНК. Договорот им беше доставен на членките заради запознавање со содржината, евентуални забелешки на истиот и потпишување од нивна страна. Активностите за финализирање на текстот на Договорот и негово потпишување ќе завршат во текот на 2016 година.

*7.4.2 Активности во врска новиот начин на комуникациско поврзување на членките и Берзата*

Со развој на пософистицирани технички модалитети за мрежно поврзување на Берзата со нејзините членките, преку можноста за употреба на стабилен интернет со релативно ниски трошоци и зголемената достапност на уредите за комуникациско поврзување со можност за формирање на безбедни тунели во текот на 2015 година се имплементираше нова мрежна инфраструктура на Берзата заради намалување на трошоците. Имено, Одборот на директори на Берзата, на седницата одржана на 03.09.2015 година ја разгледа и расправаше по Информацијата во врска со комуникациското поврзување на членките и Берзата, во која беа обработени повеќе важни аспекти околу потребата од новиот начин на комуникациско поврзување на Берзата со нејзините членки. Во Информацијата беше даден осврт на моменталната состојба, искуствата за поврзувањето на членките кај другите берзи во регионот, актуелните потреби, предлог за ново мрежно решение и начинот на имплементација и потребните технички предуслови за имплементација на новата мрежна инфраструктура кај членките на Берзата.

Врз основа на Информацијата, Одборот на директори на Берзата одлучи да го прифати решението за комуникациското поврзување на членките на Берзата со инфраструктурата на Берзата преку интернет, со употреба на интернет базирана виртуелна приватна мрежа – iVPN обезбедена од страна на Неоком АД Скопје. За реализација на оваа активност, во втората половина на годината активно се работеше на потпишување на трипартитни договори помеѓу Берзата, Неоком АД Скопје и секоја членка поодделно и се преземаа потребаните технички активности за непречено преминување на новиот начин на мрежно поврзување на членките со Берзата. Во меѓувреме, во два наврати, Берзата одржа работни состаноци со претставници на членките заради запознавање на членките со промените во начинот на нивното комуникациско поврзување со Берзата.

*7.4.3 Информација околу надоместокот за надзор што Македонска берза АД Скопје го плаќа на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија*

Во последниот квартал од 2015 година, при разгледување на кварталниот Извештај за работа на Берзата од страна на Одборот на директори во кој беше даден приказ на неповолната финансиската состојба на Берзата за првите девет месеци од 2015 година, повторно беше актуелизирано прашањето за висината на месечниот надоместок за надзор на Комисијата за хартии од вредност и неговото големо влијание на висината на расходите и на целокупната финансиска состојба на Берзата. При тоа, особено беше потенцирана нелогичноста на начинот на кој истиот се пресметува (како процент од вкупната пазарна капитализација на Берзата, во чија пресметка се земаат предвид сите хартии од вредност кои воопшто биле тргувани на Берзата на сите пазарни сегменти, вклучително и крајно неликвидни хартии од вредност).

Заради подобро согледување на работите и оценката на Одборот на директори за потребата од неодложно пристапување кон надминување на овие состојби, беше побарано од стручната служба на Берзата да изготви детална Информација во врска со висината на надоместокот за надзор на Комисијата за хартии од вредност, која беше разгледана на седницата одржана на 30.11.2015 година. Во

Информацијата беше дадена анализа на платениот надоместок за надзор на Комисијата за хартии од вредност по години, почнувајќи од 2011 година, кога истиот беше утврден на начин на кој сеуште се пресметува, споредба на регулаторните надоместоци во регионот, анализа на моменталната пазарна капитализација со проекција на надоместокот за надзор во 2016 година, како и алтернативи за понатамошно постапување.

Од страна на Одборот на директори на Берзата беше оценето дека е потребно итно покренување на нова иницијатива за преиспитување на концептот на сегашниот регулаторен надоместок којшто го наплаќа КХВ, имајќи ја предвид општата состојба на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија и фактите и податоците изнесени во Информацијата. При разгледување на неколку можни решенија за намалување на висината на надоместокот за надзор, беше заклучено дека Берзата треба да има предвид евентуалното ново решение да биде од умерена природа, да не се предизвика проблем во соработката на Берзата со Комисијата за хартии од вредност и да бидат земени предвид интересите на двете институции при надминување на сегашните состојби.

По иницијатива на Берзата, а заради детално и непосредно информирање на членовите на Комисијата за хартии од вредност за моменталната состојба со висината на надоместокот за надзор на Комисијата, беше одржан состанок на претставници на Одборот на директори на Берзата со членови на Комисијата за хартии од вредност. На состанокот, меѓу другото, била презентирана неповолната финансиска состојба на Берзата на која исклучително влијание има висината на надоместокот за надзор кон Комисијата за хартии од вредност, беше акцентирана нелогичноста во начинот на кој овој надоместок се пресметува, односно начинот на определување на пазарната капитализација на Берзата. Оправданоста на барањето на Берзата за интервенција во однос на надоместок за надзор беше потврдено и од членовите на Комисијата за хартии од вредност, но беше укажано на неможноста од евентуална брза измена во Тарифникот на Комисијата каде што е регулиран начинот на кој се пресметува овој надоместок, поради сложеноста на процедурата за измена на овој акт. Во насока на изнаоѓање на решение за надминување на состојбата, од страна на претставниците на Одборот на директори беше дискутирано и за можноста од намалување на бројот на друштва чии акции се внесени за тргување на подсегментот Слободен пазар, со кои подолг временски период немало никаква трговска активност, со што би се намалила пазарната капитализација на овој пазарен сегмент, на што од страна на Комисијата не беше изразено децидно неприфаќање на можноста за донесување на вакво решение. Претставниците на двете институции се согласија дека на подолг рок е потребно да се вложат напори за системско решавање на овој повеќегодишен проблем и изнаоѓање на оптимално и умерено решение во интерес на двете институции.

*7.4.4. Активности во врска со учество на Берзата во проектот СЕЕ ЛИНК*

Активностите во врска со проектот СЕЕ ЛИНК интензивно се одвиваа и во овој извештаен период, при што, согласно актите на СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје, за партиципирање на берза во проектот за регионално поврзување потребно е да се поднесе апликација до друштвото СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје за стекнување статус берза-учесник во регионалниот проект. Со стекнување на статусот берза-учесник во регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување со хартии од вредност управуван од друштвото СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје, секоја берза-учесник се поврзува со другите берзи-учеснички преку електронска платформа за пренасочување на налози за тргување со хартии од вредност, која им овозможува на членките на берзите-учеснички меѓусебно пристапување до пазарите на хартии од вредност на овие берзи.

Имајќи го предвид член 88 од Законот за хартии од вредност, со кој е предвидено дека Комисијата за хартии од вредност дава согласност на било која форма на поврзување или спојување на берзата со други берзи, како и фактот дека со споменатиот регионален проект се врши поврзување на берзите-учеснички преку електронската платформа за пренасочување на налози за тргување, беше заклучено дека е потребно Берзата да побара согласност од Комисијата за хартии од вредност за таквото поврзување пред поднесување на апликацијата до СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје. За таа цел, од страна на Одборот на директори на Берзата беше донесена Одлука бр.02-1324/1 од 30.10.2015 година за поднесување на апликација од Македонска берза АД Скопје до друштвото СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје за стекнување статус берза-учесник

и истата беше доставене до Комисијата за хартии од вредност за согласност. На ден 29.12.2015 година, до Берзата беше доставено Решението УП1 08-151 од 28.12.2015 година од Комисијата за хартии од вредност со кое се дава согласност на Одлуката бр.02-1324/1 од 30.10.2015 година.

Исто така, на крајот од извештајниот период, Берзата го зголеми својот влог во основниот капитал на друштвото СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје, согласно Одлуката за зголемување на основниот капитал на друштвото СЕЕ ЛИНК ДОО Скопје донесена од страна на Собирот на содружници на друштвото. Влогот на Берзата во друштвото СЕЕ ЛИНК изнесува 26.666,66 евра, што претставува 33,3% од вкупниот основачки капитал на друштвото.

*7.4.5 Поднесен Полугодишниот извештај за работење на Дирекцијата за внатрешна ревизија на Македонска берза АД Скопје за период 01.01.2015 – 30.06.2015 година*

Согласно законските одредби, на седницата на Одборот на директори на Берзата одржана на 03.09.2015 година, неизвршните членови на Одборот на директори, во својство на надзорен орган на Берзата го разгледаа Полугодишниот извештај за работење на Дирекцијата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.2015 – 30.06.2015 година. Во извештајот беа опфатени извршените поединечни ревизии во текот на првото полугодие во 2015 година врз основа на метод на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал избран по случаен избор и увид во документацијата поврзана со одредени активности од работењето на Берзата. Во врска со преземените ревизорски активности во првата половина од 2015 година и утврдените состојби и факти, во Извештајот е истакнато дека постои разумно уверување дека дистрибуцијата на берзанските податоци од тргувањето како и известувањето кон надворешните институции се врши во согласност за законските и подзаконските акти и потпишаните договори со што се обезбедува највисок степен на исполнителност, професионалност и квалитет во работењето. Во рамките на спроведените ревизорски активности не бил утврден ниеден случај на грешка или пропуст од човечки или технички карактер, ниту бил утврден случај на злоупотреба, неовластено постапување или изложување на ризик од страна на вработените во организационите единици на Берзата каде што била спроведена ревизијата. Од страна на Дирекцијата за внатрешна ревизија беше укажано на потребата од подготвување на интерни пишани процедури со кои би се опфатиле некои аспекти од известувањето кон надворешните институции, особено ако се има предвид релативно малиот број на вработени во Берзата и потребата за времено извршување на дел од работните задачи на отсутен вработен (одмор, боледување, едукација и др.) од страна на другите вработени во Берзата.

## 7.5. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во повеќе наврати се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 7.6. Судски и нотарски постапки

Врз основа на објави во Службен весник на Република Македонија за отворени стечајни постапки, во текот на 2015 година, Берзата поднесе пријави за своите побарувања кон должниците Жито Скопје АД Скопје и Трикотажа Пелистер АД Битола.

Во текот на извештајниот период, поради целосно подмирување на главниот долг од страна на друштвото Агромеханика АД Скопје по основ на неплатен надомест за котација за 2014 година, Берзата достави Поднесок до Основниот суд Скопје 2 Скопје со предлог за повлекување на тужба поради надмирување на главниот долг од страна на тужениот.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 8.1. Пуштање во употреба на набавената опрема

На почетокот на првиот квартал од 2015 година акцент во работењето на Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка беше ставен на пуштање во употреба на новонабавената опрема. При оваа операција беа реализирани следниве активности:

- Инсталирање и конфигурирање ESXi севeр (беше употребена бесплатната верзија на VMWare ESXi 5.5), креирање мрежна околина и локално податочно поле.

- Креирање на нов WEB server, на платформа windows server 2012 и IIS 8.5, бидејќи надоградбата на веб серверот е од IIS 6.0 што би значело за 3 генерации понов технолошки апликациски сервер. Сите сервиси и продукти кои беа инсталирани на стариот веб сервер најнапред беа модифицирани за работа на новиот сервер, потоа беа мигрирани, како и соодветно тестирани и подоцна беа пуштени во продукција. Во продолжение е листата на мигрирани сервиси и продукти:

    - www.mse.mk,
    - www.seinet.com.mk,
    - www.mbmonitor.com.mk,
    - www.bestnet.com.mk,
    - Web services,
    - Дигиталната архива,
    - Објави од фондови.

- Креирање нов виртуелен сервер на кој е инсталирана тестна околина на системот за тргување БЕСТ. Воедно, на овој сервер преку FIX protocol via Internet треба да се поврзе новиот софтвер за брокерско позадинско работење.

### 8.2 Промени на официјалната веб страна на Берзата - www.mse.mk

Во текот на првиот квартал од 2015 година се направени крупни модификации во графичкото прикажување на графиконите на официјалната веб страна на Берзата. За таа цел беа набавени посебни графикони кој се изработени во технологија HTML5 и JScript од производителот Fusion Charts.

Промената беше направена со цел официјалната страна да го задржи технолошкиот тренд и графиконите да можат да бидат поддржани и да се прикажуваат на мобилни паметни телефони, таблети и други уреди кои ја подржуваат технологијата HTML5 и JScript.

Поради миграцијата на нов веб сервер, комплетно беше променета особината за url rewrite на веб страната.

### 8.3. Активности околу новото решение за позадинско работење на брокерите

На седницата одржана на 30.01.2015 година Одборот на директори на Берзата донесе Одлука за набавка и одржување на софтверскиот систем за позадинско брокерско работење од Бањалучка Берза АД Бања Лука.

Софтверот се состои од следниве модули:

- еБрокер – модул за брокерско работење;
- еАдмин – модул за администрирање;
- еТрадер – модул за давање електронски налози; и
- Интерконт – модул за сметководство.

Со цел адаптација на софтверот и негово прилагодување според регулативата и практиките на македонскиот пазар на хартии од вредност се формираше работна група во чиј состав беа претставници од членките на Берзата и преставници од Берзата, во која носител беше Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка. Одржани беа повеќе состаноци на кои се формираше листа на потребни прилагодувања на постоечкиот софтвер на Бањалучката берза.

Исто така, во првиот квартал од 2015 година се реализираа неколку состаноци со Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) со цел да се направат модификации на нивниот систем, т.е да се овозможи B2B комуникација каде брокерите автоматски преку новиот систем за позадинско работење ќе проверуваат резервација, ќе резервираат хартии од вредност и ќе ги преземаат сите трансакции од ЦДХВ.

Во текот на вториот квартал од 2015 се финализираше листата на адаптации и истата беше предадена на Бањалучката Берза, при што истата беше конвертирана во низа на потребни чекори за имплементација на промените (таскови). Берзата доби увид во сите креирани таскови при што ја следеше нивната динамика на реализација и сите можни проблеми при имплементација на истите. Во овој дел треба да се истакне дека се реализираше паралелна имплементација на промени во FIX протоколот на Берзата, при што се обезбеди реализација на определени активности (реализација на системски блокови, поништување и ревидирање на трансакции) преку овој протокол.

Во текот на третиот квартал од 2015 година, и покрај тоа што беше планирано миграцијата на податоците од постојните системи за позадинско брокерско работење да биде реализирана од страна на Бањалучката Берза, истата мораше да биде реализирана од страна на Македонската берза заради определени правни аспекти во доменот на заштита на лични податоци. Миграцијата на податоците беше завршена кај повеќето членки при што се креираа миграциски скрипти за пренос на клиентите, овластените лица, налозите и трансакциите на членките, и истите се инкорпорираа во новиот систем. Во овој период од страна на Бањалучката Берза беа реализирани промените на Broker Office кои се однесуваат на податоците за клиенти, портфолио и договори со клиенти, посебна книга на налози за блок трансакции, поништување и ревидирање на трансакции, системски блок трансакции, нови видови на пресметка на брокерска провизија за клиенти, резервација на хартии и преземање на трансакциите преку сервисите на ЦДХВ. Од аспект на тестирањето, Берзата воспостави тест опкружување кое се надградуваше во зависност од добиените промени, а истото се употреби за тестирање на функционалностите на системот за секоја членка поодделно.

Во текот на четвртиот квартал од 2015 година се одржа обука во траење од 5 дена од страна на претставници на берзата од Бања Лука за вработените во Берзата. На оваа обука се обработија темите за администрација на апликацијата (подесување на пазари, подесување на корисници, подесување на провизија и ценовници и сл.) и секојдневните активности на брокерите (работа со клиенти, налози, затворање на денот и сл.). Исто така, во текот на обуките се констатираа и некои нови барања за функционалности кои требаше да се имплементираат во апликација до крајот на 2015. Во делот на комуникација на апликацијата со сервисите на ЦДХВ се имплементираа промените во спецификацијата како што се: преземање на податоци за сметката (доколку има полномоштво за увид) пресметка на состојба на портфолио по сметка и сл.

## <u>8.4. Селење на резервната локација на Берзата</u>

Со цел оптимизација на трошоците како и воведување на понапредни технологии Берзата во текот на првиот квартал од 2015 година ја разгледа можноста за селење на резервна локација. Во текот на овој процес беше констатирано дека досегашната резервна локација продуцира трошоци од аспект на:

- Набавка на опрема и лиценци системски софтвер на секои четири до пет години;
- Месечни трошоци за комуникациско поврзување; и
- Месечни трошоци за користење на простор за опремата.

Имајќи го сето тоа во предвид, Берзата ја разгледа можноста од селење на резервната локација во cloud, при што се пристапи во преговори со NeoCloud - провајдер на cloud услуги. Од разговорите беше констатирано дека речиси сите горенаведени трошоци би се свеле на еден месечен трошок за користење computing ресурси на cloud-от, и притоа истите значително би се намалиле во однос на сегашните (максимум до 100 евра месечно, наспроти сегашниот трошок од околу 400 евра). Исто така, во овој период од страна на neoCloud на Берзата и' беше даден пристап до овие ресурси, при што успешно се извршија сите потребни тестови на новото решение за резервна локација. На почетокот од третиот квартал 2015 година се потпиша договор за овие услуги со NeoCloud и истите беа пуштени во употреба. За сите промени во начинот на пристап до резервната локација соодветно беа известени сите членки на Берзата.

**<u>8.5. Миграција на мрежната инфраструктура на Берзата</u>**

Со цел воведување на посовремени и поадекватни технологии, како и заради намалување на трошоците за комуникациско поврзување на членките на Берзата со Берзата, се пристапи кон разгледување за можноста за промена на мрежната комуникациска инфраструктура на Берзата. Во оваа насока се направи компарација во начинот на поврзување на членките со Берзите во регионот, при што се констатира дека скоро сите користат поврзување преку интернет со формирање на т.н. VPN тунели за обезбедување на сигурност во комуникацијата. Оттука, Берзата пристапи кон разгледување на можностите за имплементација на ваквите решенија во нејзината моментална мрежна инфраструктура, а исто така, оваа активност беше разгледана и низ призмата на проектот за имплементација на систем за брокерско позадинско работење. Како едно од можните решенија, се наметна креирање на централен hub дислоциран од просториите на Берзата (кај провајдер) каде ќе се обезбеди стабилна интернет врска (покриена со backup интернет линк). Во ова сценарио членките би пристапувале до овој централен hub преку креирање на VPN тунел преку интернет, за понатаму да пристапат до соодветните ресурси (комуникациски сервери на Берзата, Апликација за брокерско работење, ЦДХВ). Ваквиот начин на поврзување би ги заменил досегашните дигитални закупени линии, при што се обезбедуваат поголеми капацитети на пренос на податоците за значително намалени трошоци. Од аспект на сигурноста и доверливоста на овој комуникациски канал, истиот може да се третира како затворен систем со енкриптирани VPN тунели, а самите членки може да се определат да обезбедат и дополнителен backup интернет линк реализиран преку друг интернет провајдер или медиум.

По донесената одлука од страна на Одборот на директори за промена на мрежната инфраструктура врз основа на претходно изготвена детална анализа, Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка пристапи кон реализација на истата. Најпрво се започна со воспоставување на VPN тунел од локацијата на Берзата до Неоком (neoCloud) со употреба на интернет линк обезбеден од Неотел, а дополнително се дефинира дополнителен backup VPN тунел до истата локација, но преку интернет линкот на Берзата обезбеден од Македонски Телеком. Со ова се обезбеди стабилна врска на Берзата до централниот hub на кој ќе бидат приклучени сите членки. Исто така, во соработка со Неоком, се реализира и пробна конекција која симулираше виртуелна членка на Берзата, при што преку оваа врска успешно се пристапи до сите сервиси на Берзата и ЦДХВ. Во текот на третиот квартал од оваа година, а по потпишување на трипартитните договори помеѓу Берзата, секоја нејзина членка и Неоком и обезбедување на соодветните технички предуслови од страна на членките, останува да се реализираат поврзувањата на секоја членка поодделно. По воспоставувањето на новиот начин на поврзување и стабилизација на мрежната инфраструктура, моменталните дигитални изнајмени линии реализирани од страна на Македонски Телеком ќе бидат ставени вон употреба, со што ќе се намалат трошоците на членките за мрежно поврзување со Берзата.

Во текот на четвртиот квартал од 2015 година, се пристапи кон миграција на секоја членка поединечно на новата мрежна инфраструктура на Берзата. По извршените тестирања на опремата кај секоја членка, како во делот на примарната така во делот на секундарната линија секоја членка поединечно се префрли на новата мрежна инфраструктура. Само кај една членка поради интерни процедури на членката се уште се работи во двоен режим (се уште се користи и старото мрежно поврзување) при што статусот на новиот начин на поврзување е во тест фаза.

Исто така, во овој период, се реализираа и низа на тестови на резервната линија помеѓу Берзата и neoCloud, при што се констатира дека преминот од примарната (во случај на испад на истата) кон резервната линија е без подолг прекин.

## 9. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 9.1. Активности во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза

#### *9.1.1. Соработка со Академијата за банкарство и информатичка технологија (АБИТ)*

Во рамките на соработката што Македонска берза ја остварува со АБИТ во делот на Тренинг центарот, во текот на месец мај 2015 година се потпиша нов договор за деловна соработка со кој подетално се регулираат правата и обврските на двете институции при заедничко организирање и реализирање на обуките во рамките на Тренинг центарот на Берзата, начинот на меѓусебна поддршка во делот на промоција на обуките, како и условите за комерцијално користење на салата за одржување на семинари од страна на АБИТ. Воедно, почнувајќи од 15.05.2015 година на АБИТ и се издаде под закуп делот од деловниот простор кој не се користи за потребите на Берзата.

#### *9.1.2. Одржани обуки*

Согласно планот за реализација на обуки во текот на 2015 година во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза беа одржани следните обуки самостојно, или во соработка со партнерските институции АБИТ, PwC Академијата и Здружението AISEC:

- 26-27.03.2015 и 14-15.10.2015 година – „Принципи на пазарите на капитал“;
- 02.04.2015 година – „Развој на менаџерските вештини“;
- 06-08.04.2015 година – „Внатрешна ревизија“;
- 27.04.2015 и 18.09.2015 година – Правилата и начинот на функционирање на Берзанскиот електронски систем за тргување – БЕСТ;
- 19.06.2015 година – „Даночна регулатива“;
- 30.06.2015 година – „Инвестициско банкарство“;
- 24-25.11.2015 година – „Подготвување на финансиски извештаи согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување“; и
- 21, 22 и 23.12.2015 година – „Внатрешна ревизија“.

### 9.2. Соработка со Комисијата за хартии од вредност и Институтот на директори

Македонската берза АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и Институтот на директори, поддржани од Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) ја организираа првата обука за корпоративни секретари во Република Македонија, која се реализираше во периодот 10-17.12.2015 година, а се спроведе согласно меѓународна методологија изработена врз основа на долгогодишното искуство на ИФЦ во оваа област. Целта на обуката беше преку едукација

на внатрешните правни советници во компаниите од страна на домашни и на странски експерти да се унапреди квалитетот на корпоративното управување и да се почитуваат постојните корпоративни правила и политики.

## 9.3. Приклучување на Македонска берза кон програмата ЕРАСМУС +

На покана за Загребската берза која е носител на проектот за добивање на фондови од Европската комисија за реализација на програмата ЕРАСМУС + се вклучија Македонската и Бугарската берза. Проектот имаше за цел подигање на степенот на едукација во областа на пазарот на капитал, пред се во делот на односите со инвеститорите како еден значаен сегмент во постигнувањето на повисок степен на транспарентност, не само кај акционерските друштва, туку и на целиот пазар на хартии од вредност. Во текот на извештајниот период беа вршени подготовки, а до 31.03.2015 беше поднесена заедничка апликација до Европската комисија од страна на трите берзи. Македонската берза, во текот на месец март изврши регистрација во Регистарот на корисници при Европската комисија, при што и беше доделен PIC (Participant Identification Code) за аплицирање на Берзата за користење на фондови од Европската комисија во делот на реализација на проекти од областа на едукацијата. Проектот не беше одобрен, но Берзата стекна значаен know-how и можност во иднина самостојно или партнерски да аплицира во нови проекти.

## 9.4. Одржани предавања и презентации

- Во рамките на заложбите на Македонска берза да го доближи работењето со хартии од вредност и воопшто начинот на функционирање на пазарите на хартии од вредност до што поширок круг на заинтересирани учесници Берзата на континуирана основа остварува соработката со образовните институции во Република Македонија. Во тие рамки, во текот на 2015 година на Берзата беа организирани посети за средношколци и студенти од додипломски и постдипломски студии од голем број факултети (Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, Еуро колеџот од Куманово, МИТ Универзитетот, Универзитетот Американ колеџ и Бизнис Академијата Смилевски од Скопје, Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делечев“ во Штип) за време на кои учениците и студентите имаа можност да се запознаат со начинот на функционирање и со институционалната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, со посебен осврт на улогата и функцијата на Македонската берза. Посетителите имаа можност во живо да го проследат тргувањето преку електронскиот систем за тргување на Берзата – БЕСТ и да се информираат за начинот на којшто се реализираат купопродажните налози за дадени хартии до вредност.

- На покана на Економскиот факултет при УКИМ-Скопје и Економскиот факултет во Прилеп во текот на месец септември и ноември претставници на Берзата одржаа предавања на студентите од овие факултети за основните карактеристики на Македонската берза и на другите институции на пазарот на хартии од вредност, пазарните сегменти и начинот на тргување на Македонската берза, како и некои статистички параметри од тргувањето на Берзата во изминатите неколку години.

## 9.5. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонската берза

Во крајот на првата половина од 2015 година заврши вториот циклус на едукативниот портал на Македонската берза Виртуелна берза што претставува игра на знаење и симулација на вистинското тргување на Берзата. Во овој циклус беа вклучени повеќе од 400 учесници кои преку виртуелно тргување стекнаа практично искуство од тргувањето со хартии од вредност што котираат на Македонската берза. Берзата на тројцата најуспешни учесници во играта им додели соодветни

награди. Од 01.10.2015 година започна третиот циклус на Виртуелната берза кој ќе трае заклучно со 30.06.2016 година.

### 9.6. Отворен ден на Македонска берза

Со цел запознавање на поширoката јавност со улогата и начинот на функционирање на Берзата, нејзината институционална поставеност, како и со улогата и значењето на останатите институции на пазарот на хартии од вредност, Берзата на 21.10.2015 година го организираше првиот „Отворен ден на Берзата“. Овој настан се одржа во просториите на Македонска берза АД Скопје, при што посетителите имаа можност да се запознаат со нејзината историја и тековното работење, а истовремено го следеа и тргувањето во живо и беа сведоци на склучување на берзански трансакции. Воедно, на 10 и 12.11.2015 година беше организиран „Отворен ден на Берзата“ за учениците од средното економско училиште Васил Антевски Дрен од Скопје кога Берзата ја посетија околу 100 средношколци од трета и четврта година во ова училиште.

### 9.7. Практична настава за студенти

Со цел стекнување одредено практично искуство за начинот на организација и функционирање на Македонската берза, двајца студенти од Правниот факултет од Скопје беа ангажирани за вршење на практична работа во текот на првиот квартал од 2015 година.

Во текот на месец јуни Берзата склучи договор со Економскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ Скопје (УКИМ) за соработка во делот на изведување на практична настава за студентите од овој факултет, по што следеше реализација на едномесечна пракса за студент од трета година од овој факултет. За време на праксата студентот беше вклучен во анализа и внес на податоци од финансиските извештаи од котираните друштва во базата на податоци на Берзата.

### 9.8. Други активности

Во организација на Управата за финансиско разузнавање при Министерството за финансии на Република Македонија, Светска банка и ОБСЕ од 09-11.09.2015 година во Скопје се одржа завршна работилница посветена на Национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам (НРА). За време на работилницата беа презентирани извештаите за ранливоста на поединечните сектори од перење пари и финансирање тероризам, составен дел на Националниот извештај којшто до крајот на оваа година треба да се финализира и да го утврди националниот степен на ризик од перење пари и финансирање на тероризам. Овој Извештај во иднина ќе биде предмет на оценка на MONEYVAL (Советот на експерти за спречување на перење пари и финансирање на тероризам при Европскиот совет). Во креирањето на делот од Извештајот посветен на секторот за хартии од вредност учествуваа и претставници од Берзата.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 10.1. Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност

- На 07.05.2015 година во Скопје во организација на Македонската берза АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје се одржа третата „Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност“. Централен настан на конференцијата беше дебатниот форум „25 години пазарна економија во Република Македонија и состојбите на пазарот на хартии од вредност“ на кој повеќе експерти од финансискиот и бизнис секоторот, како и претставници од академскиот свет дадоа

свое видување за моменталните состојби во македонската економија и пазарот на хартии од вредност и дебатираа за перспективите во наредниот период. Оваа година конференцијата беше организирана без финансиска поддршка од спонзори, при што трите институции организатори на настанот подеднакво учествуваа во финансирање на истиот.

- Во рамките на „Конференцијата на македонскиот пазар на хартии од вредност 2015“ Македонската берза по осми пат ја додели наградата „Кристално ѕвоно„ за најтранспарентно котирано акционерско друштво. Согласно оценките на Изборната комисија за најтранспарентни котирани друштва на Македонската берза за 2014 година беа избрани Алкалоид АД Скопје - прво место, Комерцијална Банка АД Скопје - второ место и НЛБ Тутунска банка АД Скопје - трето место.

  Исто така, за остварувањата коишто овластените учесници на македонскиот пазар на хартии од вредност ги имаа постигнато во вкупниот промет и вкупниот број на транскации реализирани на Берзата во текот на 2014 година беа доделени награди на Комерцијална банка АД Скопје за освоено прво место, Илирика Инвестментс АД Скопје за освоено второ место и Еурохаус АД Скопје за освоено трето место.

**<u>10.2. Одбележување на 20 годишнината од Основачкото собрание на акциоенри на Берзата</u>**

По повод 20 годишнината од одржувањето на Основачкото собрание на акционери на Македонската берза АД Скопје (13.09.1995 година), на 14.09.2015 година во просториите на Берзата се одбележа овој јубилеј со одржување на специјална презентација за берзанското работење во изминате 20 години и следење на тргувањето во БЕСТ системот во реално време од страна на 20-те најдобри студенти од насоката финансиски менаџмент на Економскиот факултет при УКИМ Скопје родени 1995 година, врсници на Берзата. Воедно, на студентите им беа подарени едукациски материјали од областа на пазарот на хартии од вредност и бесплатен пристап до соодветни софтверски продукти на Берзата.

**<u>10.3. Одржана дебата „Време на ниски каматни стапки“</u>**

Во организација на Македонска берза АД Скопје и бизнис магазинот „Економија и бизнис“ на 29.10.2015 година се одржа дебата на тема „Време на ниски каматни стапки“. Учесниците во дебатата дадоа оценка на состојбите во финансискиот сектор и нивото на каматните стапки како на глобално, така и на локално ниво, и на импликациите што ги имаат каматните стапки врз останатите сектори во економијата, вклучително и населението.

Видео снимка од дебатата беше објавена на YouTube, а настанот беше покриен со текстови објавени во месечните магазини „Економија и бизниз“ и „Е-банкар“.

**<u>10.4. Меѓународна промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност</u>**

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од областа на пазарот на капитал, во текот на 2015 година беше остварено учество на следниве настани:

- На 19.11.2015 година во Белград се одржа петтата регионална инвеститорска конференција во рамките на годишната конференција на Белградската берза, на која како претставници на македонскиот пазар на капитал зедоа учество Алкалоид АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје. Тие имаа можност да остварат повеќе директни средби и да го презентираат своето работење пред бројни реномирани меѓународни инвеститори.

- На покана на Загребската берза во октомври 2015 година во Ровињ Главниот директор на Македонската берза го презентираше македонскиот пазар на хартии од вредност во рамките на панелот посветен на подигнување на атрактивноста на регионалниот пазар на капитал, додека во рамките на Инвестицискиот форум што во организација на INVESTOR.BG се одржа на 27.11.2015 година во Софија учествуваше на панел дискусија.

**10.5. Други настани**

- Во организација на Комисијата за хартии од вредност на 29.11.2015 година во Струмица се одржа средба на претставници на регулаторот, членките на Берзата, друштвата за управување со инвестициски фондови, Македонската берза и Централниот депозитар. На средбата беа разгледани повеќе прашања од областа на пазарот на харти од вредност и беа донесени соодветни заклучоци.

- На 14.10.2015 година се одржа Годишното собрание на Американко-македонската стопанска комора, во рамките на кое беше одбележана 15-годишнината од нејзиното основање, а на Македонската берза и' беше доделено признание за еден од првите членови на оваа комора.

**10.6. Соработка со медиуми**

- На почетокот на извештајниот период Главниот извршен директор имаше интервју за Утрински весник во кој се осврнува на постигнатите резултати во минатата 2014 година, како и очекувањата за тековната 2015 година, додека во јуни 2015 година на порталот „Фактор“ беше објавено неговото интервју во кое се направи осврт на актуелната состојба на македонскиот пазар на капитал.

- Во пресрет на одбележувањето на јубилејот 20 години од првиот ден на тргување, Македонска берза во соработка со порталот Фактор започна со претставување на котираните акционерски друштва. Почнувајќи од 09.11.2015 година еднаш неделно беа претставувани компаниите кои се составен дел на МБИ 10 индексот. До крајот на извештајниот период беа претставени осум компании: Алкалоид АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Македонски телеком АД Скопје, Гранит АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Охридска банка АД Скопје, Стопанска банка АД Битола и Скопски пазар АД Скопје, при што беа презентирани податоци од тргувањето со нивните акции, финансиските податоци и показатели, а беше објавено и интервјуто со раководни лица во овие друштва.

**10.7. Други активности**

- Во рамките на започнатите активности за измени на Законот за хартии од вредност преку донесување на нов закон, а со цел имплементирање на главните европски директиви во областа на пазарите на хартии од вредност во македонското законодавство, беше остварена работна средба со консултанти од Бугарија кои го водат проектот со цел меѓусебно запознавање на практичната имплементација на моменталните законски решенија и утврдување на насоките и новините кои треба да ги содржи новиот закон.

- Во рамките на посетата на тимот на Светска банка на Македонија како техничка помош околу подобрување на климата за делување на неформален ризичен капитал (venture capital), на 09.10.2015 година тимот на Светска банка одржа средба со претставници на Македонската берза за да ги согледа состојбата и можностите за развивање на ваков вид на капитал на македонскиот пазар.

- Во текот на месец ноември и декември претставници на Берзата беа вклучени во активностите околу утврдувањето на концептот за воспоставување на правна рамка за неформален ризичен капитал, односно донесување на посебен закон за деловни ангели на иницијатива на Владата на РМ.

**10.8. Комерцијално огласување на веб страната на Берзата**

Во текот на извештајниот период беше продолжен договорот со Комерцијална банка АД Скопје за закуп на позиција за рекламирање на банер на банката на интернет страницата на Берзата.

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2015 година активностите на Берзата на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

### 11.1. Активности поврзани со регионалниот проектот за пренасочување на налози за тргување - СЕЕ Линк

*11.1.1. Реализација на проектот*

Во текот на 2015 година главен ангажман на Берзата во доменот на меѓународните активности беше реализација на активностите околу имплементација на регионалниот проект за пренасочување на налозите за тргување (СЕЕ Линк) чијашто цел е да го олесни пристапот на инвеститорите до регионалните пазари на капитал и да придонесе за зголемување на визибилноста на берзите – учеснички во проектот. Од активностите кои беа реализирани во текот на извештајниот период ги издвојуваме следните:

- На 01.04.2015 година во просториите на Македонска берза се изврши отварање на документација доставена во врска со тендерот за избор на провајдер кој ќе го изработи софтверот во рамките на проектот СЕЕ Линк за пренасочување на налозите за тргување, по што на 05.06.2015 година се пристапи кон склучување на договор помеѓу СЕЕ Линк и друштвото Evolve DD Ljubljana;

- Работните групи составени од претставници на трите берзи (функционална, IT и маркетинг група), како и Надзорниот комитет на проектот, составен од директорите на берзите и професионално ангажираниот проект менаџер, одржаа неколку средби, како и серија состаноци по Skype и одлучуваа по повеќе прашања околу реализација на проектот.

- Берзите-учеснички во проектот ги разгледуваа и даваа забелешки на актите на СЕЕ Линк заради нивно финализирање. Македонска берза во неколку наврати детално ги разгледуваше Правилата за работа на СЕЕ Линк, како и договорите кои произледуваат од овие Правила, и доставуваше забелешки на истите.

- Во текот на месец септември Надзорниот комитет на СЕЕ Линк одржа состанок на кој беа утврдени идните активности на работните групи во рамките на проектот, а кои се однесуваат на креирање на веб страна, СЕЕ индекс, промоција на проектот, како и низа правни и технички аспекти во реализацијата на проектот.

*11.1.2. Промоција на проектот*

- Во насока на промоција на проектот СЕЕ Линк пред другите берзи од регионот со цел нивно привлекување како нови учеснички во истиот, во ноември 2015 година во Белград Главниот извршен директор на Македонската берза одржа презентација на проектот пред новото раководство на Белградската берза, а во присуство на претставници од Европската банка за обнова и развој.

- Во рамките на договорените активности помеѓу Македонската и Бугарската берза за претставување на проектот СЕЕ Линк пред нивните членки, на 27.11.2015 година во Софија се одржа средба на претставниците на членките на овие две берзи коишто ќе бидат вклучени во реализацијата на проектот. Целта на средбата беше и воспоставување на непосреден контакт помеѓу членките на нашата и на Бугарската берза како би им се олеснила понатамошната деловна комуникација. Ваква средба на која би присуствувале и членки од Загребската берза се планира во првиот квартал од 2016 година.

### 11.2. Учество на меѓународни настани

Македонската берза беше застапена на овогодишниот Светски берзански конгрес (што се одржа во месец март) и на специјалистичка работилница „Создавање на Regional Central Counterparty - CCP" во организација на Европската банка за обнова и развој (што се одржа во јуни). Двата настани се одржаа во Лондон што беше искористено и за состаноци со одговорни лица во ЕБРД, како околу статусот и начинот на имплементација на проектот СЕЕ Линк, така и во врска со изнаоѓање модалитети за друг вид поддршка за македонскиот пазар на хартии од вредност од страна на оваа развојна банка.

### 11.3. Дистрибуција на податоци

Во текот на извештајниот период се финализираа преговорите со Истанбулска берза во делот на дистрибуција на податоци и на 18.09.2015 се потпиша договор согласно кој Истанбулската берза има ексклузивно право за дистрибуција на податоци од Македонската берза во Турција и во регионот Среден исток и Северна Африка (MENA region), што е во согласност со одредбите од Договорот што Берзата го има со Виенската берза во овој домен.

## 12. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА БЕРЗАТА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Лидија Трајковиќ | Фершпед брокер АД Скопје<br>Дејност: Брокерска куќа | Македонска берза АД Скопје,<br>Претседател на Одбор на директори;<br><br>Фершпед АД Скопје,<br>Член на Надзорен Одбор; |
| Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска Берза АД Скопје,<br>неизвршен член на Одбор на директори;<br><br>Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори;<br><br>Негорски Бањи АД Негорци, неизвршен член на Одбор на директори; |

| | | |
|---|---|---|
| Зоран Колев | ТТК Банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори;<br><br>Топлификација АД Скопје- член на Управен одбор;<br><br>Попова кула АД Скопје- член на Одбор на директори; |
| Горан Поповски | Стопанска банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори; |
| Влатко Илиевски | Влада на Р.Македонија | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори; |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје<br>Дејност: Платни системи | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори; |
| Јане Миљовски | Пензионер | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори. |

Согласно Одлуката бр.02-1786/1 од 18.12.2012 година, Македонска берза АД Скопје исплаќа месечен на надоместок за учество во работата на Одборот на директори само на неизвршните-независни членови.

Годишните примања за 2015 година на неизвршните-независни членовите на Одборот на директори на Берзата за извршување на својата функција на годишно ниво изнесуваат 144.000 денари нето износ по член.

Македонска берза АД Скопје на сите неизвршни членови на Одборот на директори во 2015 година им нема исплатено други надоместоци за членување во Одборот на директори по основ на бонуси, осигурување и други права.

Неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата немаат остварено надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре.

Годишните нето примања за 2015 година на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 879.429,00 денари; 2.286.814,00 денари; 907.817,00 денари; 615.521,00 денари; и 571.978,00 денари.

Главниот извршен директор не членува во органи на управување на други трговски друштва, а податоците за остварените примања од Берзата за 2015 година се прикажани во глава 13 од овој Извештај.

Податоците за надоместоците и примањата на членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

## 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2015 ГОДИНА

Во 2015 година Македонската берза АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **29.044.255 денари** и истите се за 29% пониски во споредба со приходите остварени во 2014 година, што е резултат, пред се', на намалените приходи од надомест за тргување остварени оваа година.

**Приходите остварени од камата** изнесуваат **1.566.757 денари** и претставуваат 5,4% од вкупните приходи. Овој износ е по основ на камата на орочени депозити кај банки. Намалувањето на овие приходи од 19,9% во однос на претходната година се должи на намалувањето на каматните стапки за орочени депозити во 2015 година во однос на 2014 година. На 31.12.2015 година Берзата има денарски орочени депозити во следните банки Комерцијална банка (10 милиони денари), Стопанска банка (10 милиони денари), Еуростандард банка (10 милиони денари), Халк банка (10 милиони денари), Шпаркасе банка Македонија (10 милиони денари) и Охридска банка (8,5 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 1,5% до 2,45% за депозитите орочени на 12 месеци. Воедно, Берзата поседува 98.653,9633 удели во паричниот фонд на КБ Публикум Инвест чија вредност на 31.12.2015 година изнесува 11.479.346 денари. Како резултат на усогласување на објективната вредноста на уделите се остварени приходи во износ од 360.567 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 1.927.324 денари, наспроти ланските 2.183.639 денари.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат **21.962.627 денари** и се за 30,6% пониски во однос на истите во 2014 година. Подолу подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од **2.659.355 денари** и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет, надоместоци за комуникациско поврзување со Централниот депозитар за хартии од вредност, надоместоци за користење на станици за набљудување и слично. Овие приходи учествуваат со 9,2% во вкупните приходи и кај истите се бележи намалување од 5,6% во 2015 во споредба со лани. Причината за намалувањето на овие приходи е што во текот на целата 2015 година овој надоместок се наплаќаше од 10 членки, додека во јануари 2014 година Берзата наплаќаше надоместоци од членство од 13 членки, од февруари до август надомест за членство се приходуваше од 11 членки, а само последните 4 месеци во 2014 година надомест за членство плаќаа 10 членки.

- Од **надомест за тргување** во 2015 година се приходувани **10.740.272 денари** што претставува 37% од вкупните приходи во 2015 година. Овие приходи во 2015 година се за 46,6% помали во однос на остварените во 2014 година, што се должи на падот на вкупниот промет на Берзата во 2015 година од 69,4% во споредба со 2014 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучените трансакции во БЕСТ системот е забележано намалување од 24,6% (од 6.663.530 денари во 2014 година на 5.025.700 денари во 2015 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите, исто така, бележи намалување од 58,3% (од 5.734.112 денари денари во 2014 година на 2.389.546 денари во 2015 година), додека приходот од тргувањето при јавни берзански аукции бележи многу големо намалување од 88,3% (во 2014 изнесува 647.569 денари, а во 2015 година 76.043 денари). Само приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат пораст од 18,6% (од 2.705.732 денари во 2014 на 3.209.225 денари во 2015 година).

- Остварени се приходи по основ на **надомест за котација** во износ од **8.560.000 денари** или 29,5% од вкупните приходи. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 114 акционерски друштва што во текот на 2015 година котираа на Официјалниот пазар на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација.

Во 2015 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од **5.155.197 денари**, што се за 26,8% пониски во споредба со истите во 2014 година. Причината за помалку остварени приходи по овој основ е што во 2015 година не се остварени приходи од донација на софтвер (во 2014 година се остварени приходи од 1.554.322 денари од донација на софтвер за тргување од Љубљанската берза) и приходи од котизација и спонзорство за конференција (во 2014 се остварени околу 550.000 денари по овие основи). Во останати приходи од дејност спаѓаат приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, закуп на медиумски простор, приходи од дистрибуција на берзански податоци и друго. Најголемо учество во останатите приходи од дејност имаат приходите од дистрибуција на берзански податоци во износ од 2.158.649 денари (истите во 2014 година изнесуваа 2.208.472 денари), приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.709.370 денари (речиси идентичен износ е остварен и во 2014 година), други приходи во износ од 553.031 во кои најголемо учество имаат приходи од продажба на стари основни средства, приходи од закуп на медиумски простор во износ од 269.692 денари (во 2014 година приходите по овој основ изнесуваа 345.679 денари), приходи од одржување на обуки во износ од 300.212 денари (во истиот период лани изнесуваа 260.770 денари) и приходи од наплата на отпишани побарувања од околу 100.000 денари.

Во 2015 година се остварени приходи од курсни разлики од 18.358 денари, додека нето добивката од курсни разлики изнесува 2.107 денари.

**Вкупните расходи** остварени во 2015 година изнесуваат **34.000.919 денари** и истите се за 2,5% пониски од остварените во 2014 година кога изнесувале 34.875.760 денари. Доколку се изврши прилагодување на вкупните расходи во 2015 година и 2014 година за износот на регулаторниот трошок, расходите во 2015 година се 23.131.571 денари и истите се за 4,3% пониски во споредба со вкупните расходи во 2014 година (24.160.393 денари).

Во 2015 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **10.942.177 денари**, што претставува 32.2% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии и, пред се', за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од пазарната капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување од претходната година. На 29.01.2015 година Комисијата за хартии од вредност изврши контрола на работењето на Берзата со цел утврдување на пазарната капитализација којашто ќе биде основ за пресметка на надоместот за надзор на Берзата во 2015 година. Со Записник од извршената контрола Комисијата ја извести Берзата дека вкупната пазарна капитализација изнесува 181.155.736.443 денари, од што произлегува дека вкупниот износ на надомест за надзор изнесува 10.869.348 денари за 2015 година, што е за 1,4% повеќе во однос на остварениот истиот период лани. Со оглед на тоа, месечниот надомест за надзор кон Комисијата за хартии од вредност во 2015 година изнесуваше 905.779 денари.

**Трошоци за вработени** во 2015 година изнесуваат **12.513.662 денари** и се состојат од бруто плати и останати користи за вработени. Истите изнесуваат 36,8% од вкупните расходи и се за 5,2% повисоки во однос на 2014 година, што се должи на враќањето од породилно отсуство. Бруто платата на извршниот член на Одборот на директори изнесува 3.001.449 денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **3.454.377 денари**, што претставува 10,2% од вкупните расходи и е за 28% пониска во споредба со 2014 година кога се пресметуваше и амортизација на софтверот за тргување од Љубљанската берза, а се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опрема. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2015 година **исправката на вредност на побарувањата** изнесува **1.115.957 денари**. Согласно Сметководствените политики на Берзата за побарувањата што Берзата ги има по основ на неплатен надомест за котација за 2013 и/или 2014 година и за друштвата за кои во 2015 година е отворена стечајна постапка (во 100% износ) пресметана е исправка на вредност на побарувања во износ од 838.438 денари.

Дополнително, за вкупно седум друштва коишто од воведувањето на задолжителната котација во 2013 година воопшто ги немаа подмирено своите обрски по основ надомест за котација, согласно член 18, став 4 од Сметководствените политики на Берзата, направена е исправка на 50% од тековните побарувања (за 2015 година) во вкупен износ од 262.500 денари. Од овие причини направена е исправка на вредност на побарувања во износ кој е повисок од планираниот за 2015 година.

**Останатите расходи** од дејност изнесуваат 5.911.608 денари и се за 16% пониски од истите во 2014 година. Во вкупните расходи учествуваат со 17,4% и се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат 1.649.849 денари или 4,9% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично). Истите се за 11,2% пониски во споредба со остварените во 2014 година.

- **Трошоците за услуги** изнесуваат 2.739.859 денари и истите учествуваат со 8% во вкупните расходи. Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.017.485 денари, телефонските и комуникациските услуги и услуги за интернет во износ од 698.989 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување, консултантски услуги и слично. Истите се за 21,6% пониски во споредба со трошоците за услуги остварени минатата година.

- **Трошоците за надомест за Одборот на директори** изнесува 480.000 денари и тие изнесуваат 1,4% од вкупните расходи. Согласно важечката одлука на Собранието на акционери на Македонска берза АД Скопје месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на Македонска берза се исплатува само за независните членови на Одборот.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од 256.645 денари и истите се за 14,5% пониски во однос на планираните за 2015 година.

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат 360.958 денари и претставуваат 1% од вкупните расходи. Овие трошоци се за 34,6% пониски од остварените во 2014 година и за 34,4% помали од планираните.

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од 155.777 денари. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени и извршниот директор и се за 3,7% пониски во споредба со 2014 година.

- За **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од 268.520 денари. Овие расходи се направени за данок на имот, членарини во Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

- **Уделот во загубата на заедничкото вложување** на Македонската берза во СЕЕ Линк ДОО Скопје изнесува 63.138 денари и претставува 33,33% од вкупната загуба на друштвото.

* * *

Како резултат на повеќе остварени расходи од приходи, Берзата по Годишната сметка за 2015 година оствари **загуба** во износ од **4.956.664 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2015 година изнесува **142.543.805 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени на дванаесет месеци со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во отворен инвестициски фонд) учествуваат со 49,9% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Во текот на 2014 и 2015 година Македонската берза имаше вложувања во износ од 1.580.039 денари во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје основано заедно со берзите од Загреб и Софија. Овој износ претставува 1/3 од основачкиот влог на друштвото. Учеството на основните средства материјални и нематеријални (64.423.878 денари) изнесува 45,2% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 5.433.594 денари или 3,8% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2015 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата за надомест за котација (2.387.812 денари) и побарувањата за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2015 година што доспева за плаќање на 15.01.2016 година (1.521.300 денари).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2014 година изнесува **142.543.805 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2015 година изнесуваат 3.006.270 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.366.562 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 363.695 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2015 година изнесуваат 139.537.535 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 35.647.941 денари, загубата за финансиската година во износ од 4.956.664 денари и задржаната добивка во износ од 5.348.498 денари добивката.

**Одбор на директори** **Скопје, Март 2016 година**

**П р е т с е д а т е л**

**Лидија Трајковиќ**

# П Р И Л О Г

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
### на ден 31.12. 2015 година

### АКТИВА

во денари

| Назив | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **1.832.367** | **508.942** | **28** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **63.133.489** | **59.118.006** | **94** |
| Депозити | 63.002.000 | 58.502.000 | 93 |
| Останати побарувања | 131.489 | 616.006 | 468 |
| **3. Вложувања во сопственички инструменти** | **9.428.779** | **11.479.346** | **122** |
| **4. Заеднички вложувања** | **215.915** | **1.580.039** | **732** |
| **5. Нематеријални средства** | **258.711** | **74.661** | **29** |
| **6. Материјални средства** | **65.765.527** | **64.349.217** | **98** |
| **7. Останати средства/побарувања** | **6.182.219** | **5.173.314** | **84** |
| Побарувања за данок на добивка | | | |
| Останати побарувања | 6.182.219 | 5.173.314 | 84 |
| **8. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **336.402** | **260.280** | **77** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **147.153.409** | **142.543.805** | **97** |

### ПАСИВА

во денари

| Назив | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **2.659.210** | **3.006.270** | **113** |
| Останати обврски | 2.399.430 | 2.642.575 | **110** |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 259.780 | 363.695 | **140** |
| **2. Капитал и резерви** | **144.494.199** | **139.537.535** | **97** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | **100** |
| Резерви | 35.647.941 | 35.647.941 | **100** |
| Ревалоризациони резерви | | | |
| Добивка за финансиска година | 5.348.498 | | |
| Загуба за финансиска година | | 4.956.664 | |
| Задржана добивка | | 5.348.498 | |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **147.153.409** | **142.543.805** | |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

**во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година**

**во денари**

| **Приходи** | **01.01.-31.12.2014** | **01.01.-31.12.2015** | **Индекс 2015/2014** | **Програма 2015** | **Индекс 2015/План** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од камати** | **1.954.860** | **1.566.757** | **80,15** | **1.700.000** | **92,16** |
| **2. Приходи од усогласување до објективна вредност на удели** | **228.779** | **360.567** | **157,60** | | |
| **3. Приходи од провизии и надоместоци** | **31.647.236** | **21.959.627** | **69,39** | **29.991.000** | **73,22** |
| Надомест за членство | 2.817.897 | 2.659.355 | 94,37 | 3.135.000 | 84,83 |
| Надомест од тргување | 20.129.339 | 10.740.272 | 53,36 | 18.231.000 | 58,91 |
| Приходи од котација | 8.700.000 | 8.560.000 | 98,39 | 8.625.000 | 99,25 |
| **4. Останати приходи од дејност** | **7.046.805** | **5.155.197** | **73,16** | **6.000.000** | **85,92** |
| **5. Нето добивка од курсни разлики** | **9.733** | **2.107** | **21,65** | | |
| **Вкупно приходи:** | **40.887.413** | **29.044.255** | **71,03** | **37.691.000** | **77,06** |
| **Расходи** | | | | | |
| **1. Расходи за провизии и надоместоци** | **10.791.828** | **10.942.177** | **101,39** | **10.949.344** | **99,93** |
| Провизии од банки | 76.461 | 72.829 | 95,25 | 80.000 | 91,04 |
| Берзанска провизија за КХВ | 10.715.367 | 10.869.348 | 101,44 | 10.869.344 | 100 |
| **2. Трошоци за вработени и останати користи за вработени** | **11.898.959** | **12.513.662** | **105,17** | **12.400.000** | **100,92** |
| Вкалкулирани бруто плати | 11.725.205 | 12.352.318 | 105,35 | 12.400.000 | **99,62** |
| Останати користи за вработени | 173.754 | 161.344 | 92,86 | | |
| **3. Амортизација** | **4.797.488** | **3.454.377** | **72,00** | **3.500.000** | **98,70** |
| **4. Исправка на вредност на побарувања** | **352.500** | **1.115.957** | **316,58** | **680.000** | **164,11** |
| **5. Трошоци за истражување и развој** | | | | **400.000** | |
| **6. Останати расходи од дејност** | **7.034.985** | **5.911.608** | **84,03** | **7.400.000** | **79,89** |
| Материјални и слични трошоци | 1.857.432 | 1.649.849 | 88,82 | 2.000.000 | 82,49 |
| Трошоци за услуги | 3.494.386 | 2.739.859 | 78,41 | 3.600.000 | 76,11 |
| Одбор на директори | 480.000 | 480.000 | 100,00 | 480.000 | 100 |
| Трошоци за службени патувања | 210.958 | 256.645 | 121,66 | 300.000 | 85,55 |
| Трошоци за репрез., реклама и пропаг. | 551.671 | 360.958 | 65,43 | 550.000 | 65,63 |
| Осигурување | 161.795 | 155.777 | 96,28 | 200.000 | 77,89 |
| Други трошоци | 278.743 | 268.520 | 96,33 | 270.000 | 99,45 |
| **7. Удел во загубата на заедничко вложување** | **0** | **63.138** | | | |
| **Вкупно расходи:** | **34.875.760** | **34.000.919** | **97,49** | **35.329.344** | **96,24** |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **6.011.653** | **-4.956.664** | **-82,45** | **2.361.656** | **-209,88** |
| **Данок на добивка и непризнаени расходи** | **663.155** | **0** | | | |
| **Нето добивка (загуба) за финан. година** | **5.348.498** | **-4.956.664** | **-92,67** | | |